# Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021–2025

## Содржина

Список на кратенки ........ 4
Општ дел........ 5
Визија, мисија, вредности, цели........ 6
Концепт и структура........ 6
Правна рамка........ 9
Импелментација, мониторинг,евалуација........ 9
Финансиски средства........ 10

1. Гранично управувањеvо Република Северна Македонија ........ 10
1.1. Главни столбови на Националниот систем за ИГУ........ 10
1.2 Организациска структура........ 11

2. Опис на границите и актуелна состојба ........ 16

3. Компонента 1 - Гранична контрола ........ 19
Подкомпонента 1.1. Гранични проверки ........ 20
Подкомпонента 1.2. Граничен надзор........ 223
Подкомпонента 1.3. Откривање и спречување на прекугранични криминал........ 25
Подкомпонента 1.3.1.Криумчарење на мигранти ........ 27
Подкомпонента 1.3.2.Трговија со луѓе........ 29
Подкомпонента 1.4.Фалсификување документи........ 300
Подкомпонента 1.5.Меѓународна заштита ........ 311

4.Компонента 2 - Анализа на ризик........ 332
5. Компонента 3 - Прекугранична полициска соработка со соседните земји, соработка со Frontex - EBCGA и други агенции на ЕУ........ 34
Подкомпонента 3.1. Прекугранична полициска соработка со соседните земји..34
Подкомпонента 3.2. Соработка со Frontex - EBCGA и други ЕУ агенции........ 37

6.Компонента 4 - Меѓу-агенциска соработка ........ 39

7.Компонента 5 - Меѓународна соработка........ 41

8. Компонента 6 -Мерки во внатрешноста и техничка соработка........ 43

9.Компонента 7 - Враќање на државјани на трети земји........ 45

10.Комопонента 8 - Примена на современи технологии ........ 47

11.Компонента 9 - Механизми за контрола на квалитетот........ 50

12.Компонента 10 -Механизми за солидарност.........51

13.Компонента 11 (хоризонтална)-Образование и обука........ 53

14.Компонента 12 (хоризонтална) - Фундаментални права ........ 55

15. Компонента 13 (хоризонтална) - Истражување и иновации........ 57

16.Компонента 14 (хоризонтална) - Борба против корупција........ 57

Анекс бр.1 Листа на закони, меѓународни договори и други поважни документи релевантни за имплементација на Националната Стратегија за ИГУ......................................3
Анекс бр.2 Листа на Договори за реадмисија - потпишани и во подготовка................................3

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ABRAN | Воздушни граници – Мрежа за анализа на ризик |
| AFIS | Автоматизиран систем за идентификација на отисоци од прсти |
| API | Напреден систем за информации за патници |
| AVRR | Асистирано доброволно враќањеи реинтеграција |
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| DCAF | Демократски центар за контрола на вооружените сили |
| EASO | Европска Канцеларија за поддршка на азил |
| ERRIN | Европска мрежа за враќање и реинтеграција |
| ЕУ | Европска Унија |
| FRONTEX - EBCGA | ФРОНТЕКС – Европска гранична и крајбрежна стража |
| GRETA | Група на експерти за акции против трговија со луѓе |
| ИБАС | Интегрирана база на податоци за странци |
| ICMPD | Меѓународеn центар за развој на миграциски политики |
| IOM | Меѓународна организација за миграции |
| IPA | Инструмент за претпристапна помош |
| MARRI | Регионална иницијатива за миграција, азил и бегалци |
| МЕКМ | Мобилна единица за компензаторни мерки |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МФ - ЦУ | Министерство за финансии – Царинска управа |
| НЕСКМТЛ | Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти |
| НКБТЛИМ | Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| ОГРМ | Оддел за гранични работи и миграции |
| ОГР – СА | Оддел за граѓански работи- Сектор за азил |
| ОПКМСР | Одделение за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија |
| ОСОСК | Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал |
| OSCE | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| РЦ за ГР | Регионален центар за гранични работи |
| WBRAN | Мрежа за анализа на ризик во Западен Балкан |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |

| | |
|---|---|
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| ДКСК | Државна комисија за спречување корупција |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| ДРС | Дирекција за радијациона сигурност |
| МЗ | Министерство за здравство |
| НКЦГУ | Национален координативен центар за гранично управување |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумерство и водостопанство |
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |
| SIS | Шенгенски информациски систем |

# ВОВЕД

## *ОПШТ ДЕЛ*

Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија од 103-тата Седница одржана на 31.08.2021 година утврдена е обврска за изготвување на Национална стратегија за интегрирано гранично работење (во натамошниот текст: национална стратегија за ИГУ) и Акциски план за негово спроведување согласно начелата за интегрирано гранично управување.

Согласно програмираната обврска и Регулативата на ЕУ за Европската гранична и крајбрежна стража[1], овој стратешки документ е изготвенод страна на Министерството за внатрешни работи – гранична полиција, во соработка со Националниот координативен центар за гранично управување,[2] Министерството за финансии – Царинска Управа и останатите надлежни институции вклучени во националниот систем за интегрирано гранично управување. Процесот на изработка на стратегијата е поддржана од Твининг проектот „Усогласување на националните системи на Европската Унија и Шенген барањата за управување со границите“. Во неа се имплементирани наодите и насоките на меѓународни експерти ангажирани преку Проектот, а истата се надоврзува на претходната Национална стратегија за развој на интегрирано гранично управување 2015-2019.

[1]ЕУ Регулатива 2019/1896 од 13.11.2019 на Европскиот Парламент и Советот за Европската гранична и крајбрежна стража и за укинување на Регулативите (EU) Бр. 1052/2013 and (EU) 2016/1624
[2] Одлука донесена на 103-та Седница на Владата на Р. Северна Македонија, одржана на 31.08.2021

Националната стратегија за ИГУ и соодветниот акциски план се усогласени со постоечката национална стратешка рамка и основните стратешки документи, со акцент на Програмата за работа на Владата 2021-2024 и е во функција наисполнување на планираните активности во рамки на процесот на пристапување кон ЕУ, стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година.[3]

Документот е усогласен со останатите Национални стратегии и стратешки планови кои го засегаат и граничното управување и ги има во предвид активностите содржани во нив, пред се Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025, Националната стратегија за борба против тероризам 2018-2022, Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам 2018-2022, Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2017-2021, Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020-2024, Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2021-2023, Стратегијата за развој на ИКТ на Царинската Управа 20-202, Стратешкиот план на Царинската управа 202-202 и останатите релевантни стратешки документи.

## *ВИЗИЈА, МИСИЈА, ВРЕДНОСТИ И ЦЕЛИ*

| | |
|---|---|
| ВИЗИЈА: | Безбедни и отворени граници |
| МИСИЈА: | Брз и безбеден проток на патници, стоки и идеи и сузбивање на илегалните прекугранични активности до ниво кое нема да претставува закана за граничната безбедност и за сигурноста на граѓаните |
| ВРЕДНОСТИ: | Професионалност, кооперативност, пожртвуваност, хуманост, транспарентност |

Стратешки цели на Националната Стратегија 2021-2025 се:

- Натамошно развивање на Националниот систем за интегрирано гранично управување согласно Европското ИГУ и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM);

- Јакнење на капацитетите за гранично управување и одржување на потребното ниво на гранична безбедност преку подобрување на институционалните, кадровските, техничките и инфрастеруктурните капацитети и унапредување на соработката на сите нивоа и

- Јакнење на отпорноста на системот за ИГУ и подготвеност за справување со непредвидени закани од големи размери по граничната, јавната и националната безбедност, вклучувајќи ги и заканите од пандемија.

[3] Службен весник бр,243 од 09.10.2020 година

*КОНЦЕПТ И СТРУКТУРА*

Документот е изготвен согласно Регулативата на ЕУ за Европската гранична и крајбрежна стража и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM). Согласно Регулативата, националните стратегии за интегрирано гранично управување треба да се изработени согласно член 3 од истата, повеќегодишната стратешка политика за Европското ИГУ и Техничката и оперативна стратегија.[4] Иако самата Регулатива е обрзувачка само за земјите – членки на ЕУ, а не и за Република Северна Македонија, Националната стратегија за периодот 2022-2025 е изработена во согласност со оваа Регулатива бидеќи полноправното членство во Европската Унија е стратешка определба на Република Северна Македонија, а развивањето и имплементацијата на НС за ИГУ согласно Европскиот концепт за ИГУ е значаен чекор во овој правец. Одлуката на Министрите за Европски прашања на земјите- членки од 24 март 2020 година за отпочнување на пристапните преговори со Северна Македонија и со Албанија е своевидно признание за досегашните напори и остварениот напредок во овој процес, но и поттик за уште поголема посветеност на реформите во сите области, а функционален модел на интегрирано гранично управување е клучен услов за укинување на внатрешните гранични контроли и интеграција во заедничката Шенген област.

Иако се уште не е полноправна земја – членка на ЕУ, Република Северна Македонија како дел од европското семејство ги дели истите вредности со другите земји во Европа, но и се соочува со истите глобални закани и предизвици. Натамошното развивање на националниот систем за ИГУ согласно европските стандарди ќе ја подобри националната гранична безбедност но истовремено и ќе овозможи поефикасен заеднички пристап и координирано справување со сегашните и идни закани по националната гранична безбедност и европската гранична безбедност во целина, што е од голема важност, особено ако се има предвид дека граничната безбедност е директно поврзана со повеќе различни сегменти на националната безбедност (државна безбедност, јавна безбедност, финансиска безбедност, безбедност на животната средина итн.).

Во таа насока, главна цел на Националната стратегија за ИГУ 2022-2025 е обезбедување на континуитет на активностите реализирани во рамки на Националната стратегија за ИГУ 2015-2019, натамошно развивање на националниот систем за интегрирано гранично управување во согласност со Европскиот концепт за гранично управување во најголема мера која е можна во оваа фаза на процесот на придружување и јакнење и одржување на националните капацитети на ниво кое ќе овозможи ефикасно справување со тековните и очекуваните закани и предизвици.

[4]Член 8 ЕУ Регулатива 2019/1896 од 13.11.2019 за Европската гранична и крајбрежна стража

Националната стратегија вклучува десет од дванаесетте компоненти предвидени со Европското IBM[5]. Компонентата број 2 - „Операции на трагање и спасување на лица во неволја на море“ не е разработена бидејќи Република Северна Македонија нема морски граници, додека компонентата број 6 - „Соработка меѓу институции, тела, канцеларии и агенции на Унијата“ не е опфатена бидејќи земјата се уште не е земја – членка на ЕУ. Од истата причина, Компонентата бр.4 – „Размена на информации и соработка помеѓу земји – членки во областите содржани во Регулативата“ е прилагодена и заменета со „Прекугранична полициска соработка и соработка со Frontex EBCGA и други агенции на ЕУ“ [6] додека Компонентата бр.7 – „Соработка со трети земји“ е проширена во „Меѓународна соработка“ и ја опфаќа соработката со земјите од регионот, земјите – членки на ЕУ, трети земји и меѓународните организации.

Обуката, фундаменталните права и истражувањето и иновациите се исто така посебно обработени, но предвидени се и се појавуваат и како хоризонтални активности во сите останати компоненти. Посебно е обработена и борбата против корупцијата иако истата не е една од компонентите дефинирани во Член 3 на ЕУ Регулативата 2019/1896.

За секоја компонента се презентирани сегашната состојба, планираните мерки и цели. Оперативните цели и конкретните активности се детално разработени во Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија.

Внатре-агенциската, меѓу-агенциската и меѓународната соработка и понатаму остануваат трите главни столба на националниот систем за интегрирано гранично управување, додека самиот модел се состои од комплементарни мерки и активности во четири различни слоеви/редови: 1. Мерки во трети земји, 2. Соработка со соседните земји, 3. Гранична контрола (на државната граница) и 4. Контрола во внатрешноста, вклучувајќи го и враќањето.[7] Сите мерки презентирани во компонентите на Националната стратегија се преземаат или е предвидено да се преземат во рамките на некој од овие 4 слоеви/редови.

Планираните мерки и активности ја имаат предвид и сегашната состојба со COVID-19 и справувањето со оваа и слични пандемии во иднина. Појавата на COVID-19 предизвика не е само закана по јавното здравје, туку и глобална закана по меѓународната тровија и безбедноста, вклучувајќи ја и граничната безбедност. Една од последиците на пандемијата е и тоа што сите надлежни институции вклучени во интегрираното гранично управување ги извршуваат своите задачи во комплексна работна средина во услови на пандемија. Надлежните гранични органи се вклучени во имплементација на националните мерки за спречување на коронавирусот, но и во обезбедување на обезбедување на непречено функционирање на глобалните

---

[5]Член 4 од ЕУ Регулативата 2019/1896 од 13.11.2019 за Европската гранична и крајбрежна стража

[6]Шенген Каталог за контрола на надворешните граници, враќање и реадмисија – препораки и најдобри пракси (20090, 7864/09) - соработката помеѓу земјите – членки треба да ја покрива најмалку соработката со сите соседни земјуи – членки.

[7]Шенген Каталог за контрола на надворешните граници, враќање и реадмисија – препораки и најдобри пракси (20090, 7864/09) - 2.3 Четирислоен модел на контрола

ланци на снабдување. Од тие причини, при планирањето и имплементацијата на мерките и активностите содржани во стратегијата ќе бидат земени во предвид насоките на Светската царинска организација со кои на царинските служби им се наложува да обезбедат континуирано олеснување на глобалното снабдување, [8]како и насоките на Европската Комисија содржани во „COVID-19 Насоки за мерки во граничното управување за заштита на здравјето и обезбедување на достапност на стоки и основни услуги".[9]

*ПРАВНА РАМКА*

На национално ниво, сите активности се планирани и ќе бидат реализирани во согласност со националното законодавство, а особено делот од законодавството кој се однесува на граничното полициско работење – Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 170/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Законот за странци („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19), Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/18), итн.

*ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА*

Планираните активности за имплементација на Стратегијата ќе бидат детално разработени во соодветен Акциски план во кој ќе бидат дефинирани одговорните институции, временската рамка и потребните ресурси. Истите ќе бидат реализирани од страна на надлежните органи кои се дел од националниот систем за интегрирано гранично управување и кои учествуваа во изработката на овој документ.

Мониторингот, евалуацијата и периодичните прегледи ќе се вршат на планиран и структуиран начин.

---

[8] Светска царинска организација.(2021). Достапно на http://www.wcoomd.org/en/topics/facilitation/activities-and-programmes/natural-disaster/coronavirus.aspx

[9]EC(2020/C 86 I/01). Достапно на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020XC0316(03)&from=EN

Секоја надлежна институција вклучена во процесот на ИГУ ќе определи свој Координатор за ИГУ кој преку Националниот координативен центар за гранично управување ќе соработува со координаторите на другите надлежни органи.

За периодични прегледи на имплементацијата и ажурирање на Акцискиот план како и за имплементација на делот од активностите кои се однесуваат на меѓу-агенциската соработка ќе биде надлежна Меѓуминистерската работна група на експертско/оперативно ниво составена од високи претставници на сите инволвирани институции кои учествуваа во неговото изготвување. Оваа работна група ќе изготвува и доставува редовни извештаи до стратешкото тело составено од Министрите или лица назначени од нив, за статусот на имплементација, резултатите од мониторингот и евалуацијата, како и препораки за надминување на воочените недостатоци. Доколку се појави потреба, ќе бидат формирани и работни под-групи за поефикасна имплементација во идентификуваните критични области.

Меѓуминистерско тело составено од Министри или високи претставници на надлежните институции вклучени во Националниот систем на ИГУ ќе ја следи изработката и имплементацијата на сите документи поврзани со ИГУ вклучувајќи ја и Националната стратегија за ИГУ и ја надгледува нејзината имплементација. Ова тело ќе ја обезбедува неопходната политичка поддршка и финансиските ресурси за имплементација на Стратегијата, ќе ја следи работата на Меѓуминистерската работна група и ќе дава насоки за ажурирање на документот согласно националните приоритети.

*ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА*

Дел од активностите ќе бидат реализирани во рамки на редовните активности на инволвираните министерства и државни институции. За реализација на останатите активности ќе бидат обезбедени финансиски средства од националниот буџет, преку Инструментот за претпристапна помош, заеми и донации од партнерски земји и меѓународни институции и организации.

## 1.ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1.1. Главни столбови на Националниот систем за ИГУ

Република Северна Македонија го прифати Интегрираното гранично управување како национален модел уште во 2002 година, кога е одлучено да се напушти таканаречениот „милитаристички“ концепт во кој Министерството за внатрешни работи беше надлежно за граничните премини, додека обезбедувањето на „зелената граница“, или граничната линија беше во надлежност на Армијата, односно Министерството за одбрана. Во октовмри 2003 година е усвоена првата

Стратегија за Интегрирано гранично управување, која меѓу другото предвидуваше и трансфер на надлежностите за надзор на државната граница од Министерството за одбрана на Министерството за внатрешни работи и формирање на гранична полиција во рамки на истото. Трансферот на надлежности се одвиваше етапно и беше комплетиран на 29.08.2005 година со преземање на надлежностите на делот од државната граница кон Р. Албанија и оттогаш па наваму националниот систем за ИГУ континуирано се надградува и зајакнува согласно ЕУ стандардите.

Националните стратегии за ИГУ кои следеа се надоврзуваа една на друга и се изготвуваа согласно ЕУ насоките и во согласност со другите релевантни Национални стратегии.

Последната Национална стратегија за натамошен развој на системот на ИГУ 2015-2019 беше изготвена согласно ажурираната верзија на Насоките за ИГУ во Западен Балкан и се засноваше на трите столбови – внатре-агенциска, меѓу-агенциска и меѓународна соработка, додека Националната стратегија 2020-2024 е изработена согласно новиот концепт за Европско ИГУ и компонентите содржани во Член 3 на Регулативата 2019/1896 од 13.11.2019 за Европската гранична и крајбрежна стража. Внатре-агенциската, меѓу-агенциската и меѓународната соработка и натаму остануваат носечки столбови на концептот на ИГУ, а планираните мерки и активности ќе се реализираат како во трети земји и во соседните земји (меѓународна и прекугранична соработка), така и на самата државната граница но и во внатрешноста на државата.

### 1.2. Организациска структура

Националниот систем за гранично управување го сочинуваат Министерството за внатрешни работи – МВР), Министерството за финансии-Царинска управа (МФ ЦУ), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Фитосанитарна управа (ФУ) и Државен инспекторат за земјоделство (ДИЗ); Министерство за надворешни работи (МНР); Министество за одбрана (МО); Министерство за здравство (МЗ)– Агенција за лекови и медицински средства и Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), Министерство за транспорт и врски (МТВ), Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Дирекција за радијациона сигурност (ДРС) и Агенција за храна и ветеринарство (АХВ). Заради нивна поефикасна координација, формиран е и функционира Национален координативен центар за гранично управување.

**Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ)** е тело на Владата на Република Северна Македонија формирано врз основа на Законот за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 66/07 и 52/09), а потоа и со Законот за гранична контрола со цел воспоставување на ефикасна координација, размена на податоци и информации и воспоставување на повисоко ниво на интеграција во граничното управување. Министерствата и институциите кои се дел од системот на гранично

управување се претставени во НКЦГУ преку свои претставници во својство на офицери и заменици офицери за врска. Претставниците на МВР, МФ ЦУ и АХВ постојано се лоцирани во НКЦГУ, додека офицерите за врска и нивните заменици од МНР, МО, МЗ, МЖСПП, МЗШВ, МТВ и ДРС се наоѓаат во составот на своите органи.

Главен носител на активностите во областа на граничното управување е **Министерството за внатрешни работи (МВР) преку граничната полиција која функционира во состав на Бирото за јавна безбедност (БЈБ).** Согласно Законот за полиција, граничната контрола во Република Северна Македонија е во надлежност на МВР, а обезбедувањето на државната граница и граничната контрола (граничен надзор и граничните проверки) ги врши граничната полиција, како дел од МВР[10]. Граничната контрола се врши согласно Законот за гранична контрола[11] и ги опфаќа работите што се однесуваат на гранични проверки и на граничен надзор, како и анализа на опасностите по националната безбедност и анализа на заканите кои можат да влијаат на безбедноста на границата, а се врши со цел за:

- спречување и откривање на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители,
- спречување и откривање на илегалната миграција и трговија со луѓе,
- заштита на животот, здравјето на луѓето, личната сигурност, имотот, животната средина и природата и
- спречување и откривање на други опасности по јавниот ред, правниот поредок, националната безбедност и меѓународните односи.

Граничната полиција е интегрален дел на БЈБ и за ефикасно вршење на своите задачи е структуирана на три нивоа: централно, регионално и локално.

На централно ниво функционира Одделот за гранични работи и миграции, кој во својот состав има Сектор за гранична контрола и поддршка, Сектор за гранични операции, Единица за странци и реадмисија и Мобилна единица за компензаторни мерки. Секторот за гранична контрола е составен од Единица за гранични проверки и граничен надзор и Единица за поддршка, додека во рамки на Секторот за гранични операции функционираат Единица за прекуграничен криминал и миграции и Единица за меѓународна соработка и заеднички операции.

---

[10]Закон за полиција
[11]Закон за гранична контрола




На регионално ниво функционираат четири регионални центри за гранични работи: Регионален центар за гранични работи и миграции Север со седиште во Скопје, Регионален центар за гранични работи и миграции Запад со седиште во Охрид, Регионален центар за гранични работи и миграции Исток со седиште во Делчево и Регионален центар за гранични работи и миграции Југ со седиште во Кавадарци. Во рамки на РЦ за ГР Север функционира и Прифатен центар за странци, објект од затворен тип наменет за привремено задржување на странци.

На локално ниво функционираат вкупно 36 полициски станици. Постојат три вида на полициски станици, и тоа: полициски станици за гранични проверки - надлежни за вршење на гранични проверки на граничните премини, полициски станици за граничен надзор – надлежни за надзор на тнр. „зелена граница“ меѓу граничните премини и полициски станици за гранични проверки и граничен надзор - надлежни и за гранични проверки на граничните премини и за надзор на дел од државната граница.

Покрај Министерството за внатрешни работи, Царинската управа (МФ – ЦУ) има една од клучните улоги во борбата против транснационалниот организиран криминал и тероризмот, борба против трговијата со луѓе, оружје, дроги и спречување на перење на пари, но исто така и да ја забрза меѓународната трговија и движење на стоки и патници и нејзините приоритети се разработени во соодветните компоненти во Стратегијата.

**Царинската управа е орган на управа во составот на Министерството за финансии.** Таа е водечки орган за процесуирање на легалните стоки, олеснување и забрзување на нејзиното движење (размена) во меѓународната трговија, откривање на нелегални стоки и за истраги поврзани со царински прекршоци и кривични дела од областа на царинското работење, а своите задачи ги извршува преку следниве основни организациски облици:

- Централна управа и

- царинарници.

Организациски единици во Управата се: Сектор за професионална одговорност, Сектор за царински систем, Сектор за акцизи и нетарифни мерки,

Сектор за контрола и истраги, Сектор за управување со човечки ресурси, Сектор за сметководство и финансии, Сектор за административни и технички работи, Сектор за информатички и комуникациски технологии.

Подрачните единици во Управата се: Царинарница Битола, Царинарница Куманово, Царинарница Скопје, Царинарница Гевгелија и Царинарница Штип.

Основните задачи на царинската служба се: спроведување на царински и акцизен надзор, спроведување на царинска контрола, царинење на стока, спроведување на царинска и акцизна контрола, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински и акцизни прекршоци и кривични дела, поведување постапка по царински и други прекршоци, како и кривични дела утврдени со закон и наплата на мандатни казни, вршење пресметка и наплата или враќање на на акциза, извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци при увоз, извоз или транзит на стока, како и спроведување на присилна наплата на истите во согласност со законот, водење царинско-управна постапка во прв степен, вршење на контрола на внесување и изнесување на ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато, вршење контрола на извозот, увозот и транзитот на стока за која се пропишани посебни мерки од интерес за безбедноста и јавениот морал, зачувување на здравјето и животото на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина, заштита на националното наследство и предмети со со историска, уметничка и археолошка вредност, заштита на авторските и другите сродни права и правата на индустриска сопственост, како и други мерки на трговската политика пропишани со закон, организирање на царинскиот информациски систем и обезбедување податоци за увоз и извоз и акцизни постапки, заради спроведување статистички истражувања, организирање и спроведување на контрола на професионалната одговорност на вработените, подготвување на нормативни акти од областа на царинското работење, организирање и спроведување на обуки, проверка на знаење и стручни способности на царински службеници, како и управување со човечките ресурси, давање на стручна помош за примена на царинските и акцизните прописи за што организира семинари и јавни трибини со право на надомест, спроведување сместување, чување и постапка на продажба на одземена, одстапена или пронајдена стока, вршење на следење на царинска стока со надомест на трошоци, вршење на хемиско-технолошко испитување на стока, соработка со други државни органи, соработка со странски царински управи и меѓународни организации, управување, уредување и одржување на објекти на граничен премин за патен сообраќа и вршење на други дејности пропишани со Законот за царинска управа, други закони и прописи.

**Министерството за надворешни работи (МНР)** има надлежности во три од четирите слоеви на ИГУ – „мерки во трети земји“, „соработка со соседните земји“ и делумно во „мерки во внатрешноста, вклучувајќи го и враќањето“. Во првиот слој, активностите ги врши преку своите дипломатско конзуларни претставништва и активностите во делот на визниот центар, во соработката со соседните држави

активностите ги реализира преку Комисијата за отворање на нови гранични премини и Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки со соседните земји, додека во четвртиот слој има улога во делот на подготовката на враќањето преку комуникација со земјите на потекло и трети земји.

**Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)** е надлежно за издавање на дозволи за увоз/извоз и е дел од поширокиот систем на интегрираното гранично управување. Во координација со останатите органи на државна власт има улога во давањето согласност при промет (извоз, увоз и транзит) на загрозени диви животински и растителни видови, нивни делови и деривати, прометот со опасен отпад и промет со одредени групи на опасни супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка.

**Министерството за транспорт и врски (МТВ)** има надлежност во донесувањето на *Правила за стандарди и нормативи за планирање и уредување на граничните премини*. Целта на донесување на овие Правила е да се обезбеди основа за утврдување на стандардите во делот на просторното уредување на граничните премини.

**Министерството за одбрана (МО)** нема директни надлежности за гранична контрола, но согласно Законот за одбрана, меѓу другото, дава стручна помош на министерствата и другите органи на државна управа и управните организации во спроведување на подготовките за одбрана. При загрозување на државната граница Армијата дава поддршка на цивилната компонента на системот за одбрана како и на полицијата во согласност со утврдените процедури. Согласно Одлуката на Претседателот на Република Северна Македонија, Армијата му дава поддршка на Министерството за внатрешни работи во справувањето со мигрантската криза и нејзината улога е од големо значење во контекст на успешното справување со илегалната миграција.

**Државниот инспекторат за земјоделство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)** согласно своите надлежности[12] преку државните фитосанитарни инспектори на граничните

12 Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, бр. 81/2008, бр. 20/2009, бр. 57/2010,17/2011, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011,69/2013, 43/2014, 158/2014, 149/2015, 39/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/2021), Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2006, 89/2008, 171/2010, 53/2011, 69/2013, 187/2013, 43/2014, 129/2015, 39/2016, 71/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021) , Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 154/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/2021) и Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20)

премини презема мерки и активности заради спречување на внесувањето и ширењето на штетни организми кај растенијата и растителните производи и други објекти и предмети во државата, како и спречување на внесување на неодобрени фитофармацевтски производи, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата. Фитосанитарната инспекција на граничните премини врши инспекциски надзор на пратките од растително потекло и тоа при увоз, извоз, транзит и реекспорт во насока дали истите ги исполнуваат фитосанитарните барања согласно законските одредби. **Фитосанитарна управа** – ќе продолжи да работи на креирање политики и законска регулатива од областа на здравјето на растенијата, производите и заштита на растенијата, ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во делот на управувањето со границите

**Државната санитарна и здравствена инспекција (ДСЗИ)** согласно своите надлежности[13]. врши контрола над здравствената безбедност на производите при увоз (козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба) на внатрешните терминали во Република Северна Македонија, како и контрола на патници во меѓународниот сообраќај кои патуваат во земји каде постои опасност од пренесување на заразни болести, а со цел заштита на здравјето на населението.

**Дирекцијата за радијациона сигурност (ДРС)** согласно своите надлежности врши контрола на сите извори на јонизирачко зрачење, вклучително и на статичните детектори за детекција на јонизирачко зрачење и мобилната опрема која ја поседуваат царинските и полициските службеници, изработува План за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија и ревизија на истиот, организира и реализира обуки и практични вежби за персоналот на граничната полиција и царината и учествува во изготвувањето на Стандардни оперативни процедури за постапување.

Врз основа на процесот за проверка и контрола, Дирекцијата за радијациона сигурност врши Терциерна проверка и контрола со соодветни познавања во конкретната област, од регулаторните тела и органи задолжени за откривање радијација, преку употреба на почувствителна и софистицирана опрема за мерење и откривање, со цел, да се процени и идентификува заканата.

**Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ)** ќе работи на натамошна координација на институциите вклучени во ИГУ со цел спречување на криумчарење на живи животни, спречување на незаконски влез на производи од животинско потекло во личниот багаж на патниците,забрзување на протокот на пратки и намалување на процедурите и времето на преглед на граничните премини и ќе организира обуки за полициските и царинските службеници на соодветни теми (за начинот на вршење на контрола на домашните миленици на граничните премини и слично).

[13]Закон за санитарна и здравствена инспекција, Закон за исправноста на животните намирници и предметите за општа употреба, Закон за безбедност на козметички производи, Закон за безбедност на производите, Закон за заштита на населението од заразни болести и Правилник и мерките за заштита од внесување и сузбивање на заразни болести и Меѓународниот здравствен Правилник

**Агенција за лекови и медицински средства при Министерството за здравство (МЗ)**издава одобрувања за увоз или извоз преку едношалтерскиот системEXIM согласно Законската регулатива за лекови, медицински помагала, хемикалии и опојни дроги и психотропни супстанци и постапките пропишани согласно правилниците кои произлегуваат од него. Работите поврзани со надлежностите на граничните премини ги вршат Царинските служби со претходно добиено одобрение на Агенцијата за лекови, преку едношалтерскиот систем. Согласно надлежностите и функциите, како и природата на работните задачи кои ги извршува, планирано е да се формира Агенција за лекови што произлегува од директивите на ЕУ. Според тоа, а врз основа на најновите измени на Законот за лекови и медицински помагала, ќе бидат зајакнати и персоналните капацитети за потребите на граничните премини.

## 2. ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ И АКТУЕЛНА СОСТОЈБА

Република Северна Македонија е континентална држава сместена во срцето на Балканскиот полуостров со вкупна површина од 25.713 км$^2$. Со оглед на тоа што државата нема излез на море, граничната контрола се врши на копнените граници кон петте соседни држави во вкупна должина од 895,5 км (на север кон Србија – 102 км и кон Косово -179 км, на исток кон Бугарија – 173 км, на југ кон Грција – 256км и на запад кон Албанија - 186км) и на воздушните граници на двата меѓународни аеродроми „Меѓународен аеродром – Скопје“ во Скопје и „Св. Апостол Павле“ во Охрид. Копнените граници минуваат долж копно, реки и трите природни езера – Охридско, Преспанско и Дојранско езеро.




Земјата е претежно планинско-котлинска, околу 80% од целокупната територија на државата се планини, додека само 20% се низини. Сличен е релјефот и долж самите државни граници, најголем дел од нив минува низ планини, што ја ограничува масовната употреба на средства за видео надзор со долг домет и претставува голем предизвик за организирање на ефикасен граничен надзор

Главната сообраќајна (патна и железничка) и енергетска инфраструктура води долж Вардарската долина, во правец југ – север. Имајќи ги предвид географската положба и релјефните карактеристики на државата, организирањето на ефикасна гранична контрола не е едноставна задача. На делови од државната

граница високите планински масиви сами по себе претставуваат физичка препрека за илегално движење, особено во зимските периоди, но во во други делови се проодни, со голем број на  патеки кои може да се искористат за илегални прекугранични активности.

На различни делови од државната граница карактеристични се различни видови на прекуграничен криминал – шверц на добиток, акцизни стоки, криумчарење на дрога и психотропни супстанци, илегално минување на државната граница итн. И покрај тешкиот терен за надзор, овие видови на криминал ефикасно се сузбиваат пред сè преку блиската прекугранична полициска соработка со надлежните служби на соседнитеи други партнерски земји, со кои континуирано се разменуваат информации, се реализираат мешовити патроли и заеднички и координирани операции. Со сите соседни држави, освен со Р. Грција, формирани се и функционираат заеднички контакт центри за полициска соработка, потпишани се и се имплементираат договори за редовни состаноци на централно, регионално и локално ниво и за вршење на мешовити патроли, што значително ја подобрува соработката во граничниот надзор и во борбата против прекуграничниот криминал.

Една од главните закани по граничната безбедност е поврзана со миграциите и самиот концепт на ИГУ во голема мера е насочен кон успешно справување со овој предизвик. Географската положба на државата во регион кој од секогаш бил најкраткиот пат помеѓу Западна Европа и Азија како и случувањата во поширокиот регион придонесоа земјата да се најде на главниот правец на тнр. „Западнобалканска илегална рута“ која е дел од Источномедитеранската рута и да биде изложена на континуиран мигрантски притисок, особено на јужната граница кон Р. Грција. Истите рути кои беа користени за движење на бегалците од Сирија и Ирак во време на воените конфликти сега се користат за илегално движење на различни категории на лица од држави од Азија и Африка, но и за криумчарење на мигранти и други видови прекуграничен криминал, но и за секундарни движења на илегалните мигранти кои веќе се наоѓаат во регионот. Успешното справување со мешовитите мигрантски  текови останува еден од приоритетите во граничното работење, и тоа преку спречување на илегалните минувања и сузбивањето на криумчарењето на мигранти, и другите облици на криминал кои ја придружуваат оваа појава, јакнење на капацитетите за идентификација и враќање (доброволно и присилно) на лицата со незаконски престој, ефикасната идентификација на ранливите категории на лица и на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита, итн. Сите овие активности и понатаму ќе се реализираат со целосно почитување на фундаменталните права и согласно меѓународните стандарди.

Во областа на легалната миграција, во изминатиот период беа преземени бројни активности во насока на овозможување побрз и непречен проток на патници и стоки со истовремено вршење на ефикасни гранични проверки и спречување на илегални активности на граничните премини преку натамошна модернизација на граничната инфраструктура од аспект на набавка на современа опрема за проверка на документи, отворање на нови гранични премини вклучувајќи и отворање на заеднички гранични премини, измени во националното законодавство согласно ЕУ стандардите и модернизирање на постоечките ИТ системи (СКПВ, Н-ВИС) итн.

Реализирани се повеќе проекти со цел анализа на тековната состојба и компатибилноста на постоечките системи со ИТ системите во ЕУ.

Овие активности ќе продолжат и во наредниот период. Придружувањето во ЕУ ќе значи и воведување нови крупни информациони системи како што се EES, ETIAS и ажурирања на VIS и SIS во наредните години и во периодот 2020-2024 година ќе се реализираат подготвителни активности во оваа насока.

Исто така, ќе се продолжи со натамошно јакнење на човечките капацитети, соодветно пополнување на работните места, тренинг и обука на полициските службеници, со натамошно усогласување на националното со ЕУ законодавството, а ќе бидат направени неопходните промени во институционалната рамка за ИГУ во согласност со барањата на релевантните законодавни акти на ЕУ, а со цел да се изгради линиско управување со надлежните органи за ИГУ и директна поврзаност меѓу органите на централно, регионално и локално ниво, како и преструктуирање на централно ниво со цел поефикасно вршење на тековните и делегираните идни обврски, согласно ЕУ барањата. За оваа цел ќе бидат искористени препораките и наодите подготвени од релевантни меѓународни експерти во рамки на Твининг проектот „Усогласување на националните системи на Европската Унија и Шенген барањата за управување со границите“[14].

Во 2020 година, дополнителен предизвик претставуваше појавата на COVID-19 кој значително влијаеше на сите сегменти во општеството, вклучувајќи го и граничното управување. Пандемијата влијаеше на граничното работење од повеќе аспект, пред се од потребата од натамошно вршење на граничните полициски работи во многу посложени услови од претходно (во услови на пандемија) и дополнителните задачи и улогата на граничната полицијаи останатите надлежни институции во системот на ИГУ во справувањето со COVID -19 на национално ниво. Со оглед на тоа што ваквата состојба ќе продолжи и во иднина, пандемијата претставува ризик фактор за сите планирани мерки и активности во наредниот период и сите вклучени институции ќе ги преземат неопходните мерки за прилагодување на новите трендови и исполнување на целите во сложени услови.

## 3. КОМПОНЕНТА 1 -ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

Граничната контрола во Република Северна Македонија ја врши полицијата на Министерството за внатрешни работи согласно националното законодавство[15] кое во многу голем степен е усогласено со ЕУ стандардите во областа на граничното работење.

[14]Подетално во точка 3 – Гранична контрола

[15]Законот за полиција, Законот за гранична контрола,

Главна цел на граничната контрола е да обезбеди брз, ефикасен и безбеден легален проток на патници и стоки, а од друга страна да ги открива и спречува незаконското (илегално) минување на државната граница и сите облици на прекуграничен криминал (вклучувајќи и криумчарење мигранти, трговија со луѓе, трговија со дрога, криумчарење на акцизни стоки, возила итн.), а со тоа дапридонесе во откривањето и спречувањето на заканите по јавниот ред, правниот поредок, националната безбедност и меѓународниот углед на државата. Граничната контрола се состои од гранични проверки, граничен надзор и анализа на ризик[16].

Дополнително, граничната контрола вклучува и мерки и активности кои гарантираат дека лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита ќе бидат идентификувани и упатени согласно националните процедури за постапување со баратели на азил и на истите ќе им се помогне во постапката на поднесување на барање за признавање на правото на азил согласно Законот за меѓународна и привремена заштита[17].

Во продолжение, подетално се обработени граничните проверки, граничниот надзор, откривањето и спречувањето на покарактеристичните форми на прекуграничен криминал и меѓународната заштита, додека анализата на ризик е обработена во точка 4 како посебна компонента.

Со цел натамошно усогласување со ЕУ стандардите и целосно исполнување на условите за полноправно членство во ЕУ во Поглавјето „Правда, слобода, безбедност“ во наредниот период ќе бидат преземени конкретни подготвителни активности кои се однесуваат на сите сегменти на граничната контрола и на граничното управување во целина. Како земја – кандидат за членство во ЕУ, Република Северна Македонија сè уште не е во фаза на интеграција во која би биле воспоставени и имплементирани ИТ системите кои ги користи ЕУ, но ќе бидат преземени подготвителни активности во делот на институционалното зајакнување, преку формирање на соодветни тела (единици) на граничната полиција на централно ниво (ОГРМ) со кои поефикасно ќе ги вршат сегашните и делегираните дополнителни задолженија согласно ЕУ барањата, и тоа:

- Одделение/единица за управување со граници и меѓународна соработка (ИГУ, меѓународна соработка, NFPOC), кое ќе обезбеди развој на методологија од областа на граничната контрола, надворешната соработка и ќе биде основана NFPOC (член 13 од регулативата EBCGA 2.0)

[16]Согласно Член 2 од Законот за гранична контрола, “граничната контрола која ги опфаќа работите што се однесуваат на гранични проверки и на граничен надзор, како и анализа на опасностите по националната безбедност и анализа на заканите кои можат да влијаат на безбедноста на границата, се врши со цел за: спречување и откривање на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители; спречување и откривање на илегалната миграција и трговија со луѓе, заштита на животот, здравјето на луѓето, личната сигурност, имотот, животната средина и природата; испречување и откривање на други опасности по јавниот ред, правниот поредок, националната безбедност и меѓународните односи

[17]Законот за меѓународна и привремена заштита

- Одделение/единица за проценка на закани (API, PNR, техничка поддршка). Оваа единица може во иднина да биде одговорна и за нови функционалности на граничните проверки (т.е. Национална единица за ETIAS, EES), која ќе извршува проценка на ранливоста и ќе обезбедува техничка поддршка.

Понатаму, во насока на натамошно прилагодување на институционалната рамка за ИГУ во согласност со барањата на релевантните законодавни акти на ЕУ, а со цел обезбедување на линиско управување со надлежните органи за ИГУ, директна поврзаност меѓу организационите единици на граничната полиција на централно, регионално и локално ниво, и поефикасна команда и контрола, ќе се преземат соодветни активности согласно наодите и препораките подготвени од релевантни меѓународни експерти во рамки на Твининг проектот „Усогласување на националните системи на Европската Унија и Шенген барањата за управување со границите“ кој се имплементира со поддршка на ЕУ преку Инструментот за претпристапна помош.

**Подкомпонента 1.1. Гранични проверки**

Согласно Член 3 точка 4 од Законот за гранична контрола, „Гранични проверки“ се проверки што се спроведуваат на граничните премини со цел да се провери дали да им се одобри на лицата и нивните превозни средства и предметите што ги поседуваат да влезат на територијата на Република Северна Македонија или да им се одобри да излезат од неа.

Граничните проверки се вршат на подрачјето на граничните премини, надвор од подрачјето на граничниот премин во воз, воздухоплов, на пловен објект или на друго место, како и на територијата на соседна држававо согласност со меѓународен договор. Во моментов функционираат вкупно 23 гранични премини од кои 18 за патен, 3 за железнички сообраќај и 2 за воздушен сообраќај. Четири гранични премини за патен сообраќај функционираат како заеднички гранични премини со соседните земји: ГП Табановце – Прешево со Р. Србија прерасна во Заеднички граничен премин за меѓународен патен сообраќај, а беа отворени и нови гранични премини ЗГП Белановце – Станчиќ со Р. Косово, ЗГП Г. Црцорија – Голеш со Р. Србија и ЗГП Џепиште – Требиште со Р. Албанија, од кои последните два се за локален сообраќај.

Главна цел на граничните проверки е да се овозможи брз и непречен легален проток на легални патници и стоки испречување на незаконски активности на граничните премини преку ефикасни систематски проверки на лицата и возилата кои ја минуваат државната граница. За исполнување на таа цел, врз основа на профилот и фреквенцијата на патници и возила, како и потребниот вид на контроли извршена е категоризација на граничните премини (гранични премини од прва, втора и трета категорија) и соодветно на тоа се планирани и ангажирани

човечките и материјални ресурси. Заради побрзо процесуирање на патниците а воедно и спречување на незаконски влез и излез на лица со употреба на фалсификувани или туѓи документи граничните премини континуирано се опремуваа со современа опрема согласно ЕУ стандардите, а Системот за контрола на патници и возила беше надграден.

Во таа насока, а имајќи ги во предвид континуираното зголемување на патници, особено во воздушниот сообраќај, како и зголемените безбедносни закани, во наредниот период приоритет ќе биде и натамошното модернизирање на граничните премини, опремата и ИТ системите кои се користат на нив, како и отворање на нови гранични премини за патен сообраќај. Натамошното подобрување на меѓу-агенциската соработка со институциите присутни на граничните премини и понатаму ќе биде приоритет.

Еден од главните приоритети на Царинска Управа во наредниот период ќе биде целосно воспоставување на дигитална царина со што истовремено ќе придонесе и за олеснување на трговијата и за зајакнување на безбедноста на границите. Царинската управа ќе продолжи со понатамошно усогласување на националното царинско законодавство и процедури со законодавството на Европската унија преку изменување и дополнување на царинското и акцизното законодавство и подзаконските акти и упатствата за нивна примена, согласно законодавството на Европската унија. Со цел олеснување и забрзување на протокот на стока и патници ќе работи на подобрување на селективната контрола со примена на анализа и проценка на ризик, подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку изградба на нова и подобрување на постоечката инфраструктурана граничните премини, забрзување на протокот на возилата на граничните премини и царинските терминали преку подобрување на соработката и усогласување на контролите со другите државни институции надлежни во спроведувањето на царинската постапка и воведување на заеднички контроли на стока, патници и превозни средствана едно место со граничните служби на соседните земји. Во таа насока ќе продолжи и со активности со цел обезбедување едноставни и предвидливи процедури и формалности.

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) и Царинската Управа (ЦУ), Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) ќе продолжатсо спроведување на активностите во врска со Регионалниот Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата, во рамки на ЦЕФТА 2006 со воспоставување на SEED + системот во контекст на имплементација на Дополнителниот протокол 5 (АП5).

Со цел забрзување на протокот на пратки на граничните премини, намалување на времето на преглед односно намалување на процедурите, АХВ и ЦУ ќе работат на поврзување на националниот ветеринарен софтвер за контрола на пратки (NFAP) и едношалтерскиот систем за пријава на пратки во Царина (EXIM) како и поврзување на националниот Интегриран фитосанитарен инспекциски систем (IFIS) на ДИЗ и едношалтерскиот систем за пријава на пратки во Царина (EXIM).

Главните приоритети на Државниот инспекторат за земјоделство во наредниот период ќе бидат во насока на олеснување на трговијата, забрзување на протокот на стоките, како и зголемување на ефикасноста на работењето на граничната фитосанитарна инспекција со цел намалување на ризикот од внесување на штетни организми за растенијата на територијата на државата. Во таа насока, планирано е спроведување на гранична фитосанитарна инспекција врз основа на анализа на ризикот, изготвени се Стандардни оперативни процедури за работа на фитосанитарните инспектори, донесени се нови Листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други предмети и објекти кои и во понатамошниот период ќе продолжат да се се изменуваат и хармонизираат согласно новата новата ЕУ легислатива, како и понатамошна надградба на Интегрираниот фитосанитарен инспекциски систем (IFIS).

Министерството за транспорт и врски (МТВ) ќе ги зајакне контролните механизами на граничните премини со воведување на можност на постојано присуство на инспекциските служби во делот на транспортот на граничните премини од прва категорија.

Министерството за надворешни работи ќе продолжи со активностите на Комисијата за отворање на нови гранични премини, а приоритет е отворањето на два нови гранични премини со Р. Грција - граничниот премин "Маркова Нога/Лемос" , како и планираните идни активности за отворање на вториот Граничен премин „Промахи/Мајден". Исто така, во тек се и активности за отварање на граничен премин „Клепало" кон Република Бугарија.

Појавата на COVID-19 и преземените мерки во насока на спречување на ширење на пандемијата значително влијаеја на начинот на функционирање на граничните премини. Дел од граничните премини беа привремено затворени, други работеа со изменет режим, а условите за влез и излез често се менуваат во зависност од состојбата со пандемијата во државата и во регионот. Од тие причини, неопходно е граничните премини да бидат постојано подготвени (во поглед на технички капацитети и персонал) за измени во режимот на сообраќај, а поради постојаниот контакт со голем број на лица и зголемената изложеност на корона вирусот, на сите гранични премини ќе бидат доследно применувани мерките за индивидуална и колективна заштита, а каде што е можно ќе бидат изведени и градежни зафати со цел одржување на препорачаната социјална дистанца.

*Конкретни цели:*

*- Модернизирање на опремата за вршење гранични проверки*

*- Отворање на нови гранични премини за патен сообраќај;*

*-Воспоставување заедничка контрола на патници, стоки и возила со надлежните служби на соседните земји;*

*- Воведување на концептот на дигитална царина;*

*- Забрзување на протокот на пратки на граничните премини;*

*- Зајакнување на контролните механизми на граничните премини.*

**Подкомпонента 1.2 Граничен надзор**

Согласно Член 3 точка 5 од Законот за гранична контрола „Граничен надзор“ е надзор на државната граница меѓу граничните премини и надзор на граничните премини надвор од утврденото работно време, со цел да се спречи заобиколување, односно избегнување на граничните проверки.

Во согласност со Шенген-кодексот за границите, главната цел на граничниот надзор на границата е да се спречат незаконските (илегални) минувања на државната граница на тнр.„зелена граница“ и на гранични премини надвор од работното време, прекуграничниот криминал на и во близина на државната граница и преземање на мерки против лицата кои незаконски ја преминале границата.

Граничниот надзор го врши граничната полиција при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи. Во контекст на справување со мигрантската криза, поддршка во граничниот надзор даваат и останатите организациски единици на Министерството за внатрешни работи, како и Армијата во рамки на своите надлежности. Сите активности во областа на граничниот надзор водени од информации, се планираат и реализираат по претходна анализа на ризик и со целосно почитување на човечкото достоинство и фундаментални права.

Интензивниот прилив на мигранти на јужната граница и мигрантската криза од 2015 година па наваму значително ја смениjа мигрантската криза во Република Северна Македонија и ги промениjа приоритетите и формата не само на граничниот надзор туку и на граничното управување во целина. Промените во миграциската слика не се однесуваа само на многукратно зголемениот број на илегални мигранти, туку и во нивната структура по националност, возраст, ранливост, итн. Уште повеќе, дојде до промени во modusoperandi, точките и правците за илегален влез и излез, како и до промени во степенот на загрозеност на одредени сектори на државната граница.

За успешно справување со новонастанатата ситуација, беше извршено брзо прилагодување во поглед на приоритетите во опремувањето и обуката, тактиките за граничен надзор, измени во националното законодавство и во стандардните оперативни процедури итн.

Со голема поддршка на ЕУ и на партнерски земји како и со средства од националниот буџет, граничната полиција е опремена со разновидна современа опрема за граничен надзор (термални и инфрацрвени камери со различен домет, мобилни средства за надзор, опрема за дневно и ноќно набљудување итн.). Во пракса, за националните потреби мобилните системи за видео надзор се покажаа како попрактични од решенијата базирани на фиксни системи за надзор, особено

ако се имаат предвид топографските карактеристики на државата и промените во миграциските трендови и секундарните движења на кои треба соодветно да се одговори.

На јужната граница беше инсталиран мобилен систем за видео надзор составен од повеќенаменски возила за надзор и локален команден центар кој се покажа како многу ефикасен. Ваков мобилен систем за видео надзор ќе биде воспоставен и на западната, а потоа и на северната граница. Средства за овој проект ќе бидат обезбедени преку Инструментот за претпристапна помош (IPA II, IPA III) на ЕУи од националниот буџет. Модернизацијата на граничната полиција ќе биде приоритет и во наредниот период, особено во делот на видео надзорот и мобилноста, бидејќи постоечките средства континуирано се употребуваат и дел од нив се веќе амортизирани.

Приоритети ќе бидат и одржувањето и натамошното развивање на соработката со соседните држави и подобрување на ефикасноста на постоечките форми на прекугранична полициска соработка, иницирање на нови форми на соработка на јужната граница, како и создавање на услови (технички, правни) за користење на податоци од ЕУ системите во реално време (сателитиски снимки, информации и податоци во реално време и слично).

Редовно ќе се врши проценка на степенот на загрозеност на секторите на државната граница, а планирањето и распоредувањето на ресурсите ќе се врши согласно утврдената состојба и идентификуваните ризици.

Исто така, и понатаму ќе продолжи соработката со Министерството за одбрана во делот на поддршка од страна на Армијата во обезбедувањето на деловите од државната граница, кои се идентификувани како најкритични.

*Конкретни цели:*

*- Воспоставување на мобилен систем за видео надзор на западната и северната граница;*

*- Воспоставување на организациона единица на централно ниво за координација и следење на граничниот надзор која во иднина ќе служи и како национална контакт точка за EUROSUR;*

*- Набавка на нови технички средства за видео надзор и за подобрување на мобилноста и капацитетите за брз одговор;*

*- Редовна анализа на состојбите на државната граница и ажурирање на степенот на загрозеност по сектори.*

**Подкомпонента 1.3 Откривање и спречување на прекуграничен криминал**

Согласно ЕУ Регулативата за EBCGA (EU) 2016/1624, „Прекуграничен криминал е секој сериозен криминал со прекугранична димензија сторен на, долж

државната граница или е поврзан со надворешните граници". Во тој контекст и согласно препораките содржани во ЕУ Шенген Каталогот за контрола на надворешните граници, враќање и реадмисија (No. 7864/09)[18] граничната полиција има надлежности да учествува и да биде дел од истрагите во случаите на прекуграничен криминал, самостојно или во соработка со други надлежни органи. Покрај илегалната миграција и видовите на криминал поврзани со неа, во прекуграничниот криминал спаѓаат и трговијата со луѓе и трговијата со дрога, психотропни супстанци и прекурсори (кои имаат прекугранична димензија), трговијата со мало и лесно оружје, криумчарењето акцизни стоки, добиток, украдени и фалсификувани возила, фалсификувани документи за влез и излез од државата итн.

За сите откриени кривични дела на државната граница се известува ОПКМСР при РЦ за ГР и во зависност од видот на кривичното дело истрагата ја води соодветна организациска единица (Инспектори од ОПКМСР, ОСОСК, крим полиција, итн.) во рамки на МВР или се предава на друга надлежна државна институција.

На централно ниво, во рамки на Одделот за гранични работи и миграции, функционира Мобилна единица за компензаторни мерки која самостојно и во координација со РЦ за ГР и други организациски единици врши активности за спречување на криумчарење мигрантии други видови на прекуграничен криминал.

Во откривањето и спречувањето на прекуграничниот криминал, вклучувајќи го и незаконското/илегално минување преку граничните премини значителна улога имаат и други државни институции, во прв ред МФ ЦУ, МТВ и останатите служби кои се присутни на граничните премини. Во рамки на МФ ЦУ исто така функционира Мобилна единица која има надлежности во внатрешноста на државата. Различните надлежни институции учествуваат во заеднички оперативни активности во оваа област и ги координираат своите активностите на граничните премини и во внатрешноста.

Согласно ЕУ препораките и искуствата на земјите – членки на ЕУ, а со цел поефикасно користење на ресурсите и обезбедување на поголема ефикасност и растеретување на истражните органи, во наредниот период дел ќе бидат создадени неопходните услови да поедноставните кривични дела откриени на граничните премини бидат процесуирани од страна на самите полициски станици. Понатаму, ќе биде изготвен Каталог на кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, и ќе биде воспоставена кредибилна Евиденција (track record) на откривање, и гонење на кривични дела од областа на прекуграничниот криминал.

---

[18]Шенген Каталог за контрола на надворешните граници, враќање и реадмисија – препораки и најдобри пракси (20090, 7864/09) - 2.2 Откривање и истраги на прекуграничен криминал во координација со сите надлежни органи за спроведување на законот

Борбата против трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти години наназад не само што е приоритет на Министерството за внатрешни работи туку е и национален приоритет и како такви, овие кривични дела се посебно обработени во стратегијата. Заради достигнување повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување, Владата на Република Северна Македонија уште во март 2001-ва година донесе Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НКБТЛИМ), со која раководи Национален Координатор.

Главни цели на НКБТЛИМ се следење и анализа на состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, координација на активностите на надлежните институции и соработка со релевантни меѓународни и невладини организации. НКБТЛИМ има интеринституционален состав и во нејзината работа се вклучени членови од повеќе Министерства, меѓународни и невладини организации[19].

Активностите во областа на борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција се во согласност со Национални стратегии и соодветни акциски планови кои ги изработува НКБТЛИМ, а кои се во согласност со стратегиите на ЕУ, препораките на ГРЕТА, други национални и меѓународни документи и препораки од релевантни меѓународни организации[20].

Во наредниот период активностите во оваа област ќе се реализираат преку имплементација на Националната стратегија за борба против трговија со луѓе 2021-2025 година и останатите национални стратешки документи во кои се предвидени мерки и активности за справување со сите видови на прекуграничен криминал кои имаат прекугранична димензија. Исто така, приоритет ќе биде јакнење на капацитетите на Единицата за API/PNR и користење на нејзините продукти во спречувањето на илегалните активности на граничните премини и други облици на сериозен прекуграничен криминал.

*Конкретни цели:*

*- Формирање на заедничка меѓуагенциска аеродромска единица за прекуграничен криминал (Task Force) за контрола на патниците и на карго превозот и јакнење на нејзините капацитети;*

[19] Веб страна на НКБТЛИМ http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/

[20] Национална Стратегија за борба против трговија со луѓе 2017-2020 беше во корелација со Стратегијата на ЕУ за искоренување на трговијата со луѓе 2012 – 2016, Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе на ОБСЕ и неговиот Амандман од 2013 за борба против трговијата со луѓе, а при нејзината изработка беа земени во предвид Препораките на Советот на Европа содржани во извештајот на ГРЕТА за РМ3 за Евалуација на имплементирање на Конвенцијата на Советот на Еврпа „Активности против трговијата со луѓе", Препораките на специјалниот претставник и координатор за трговија со луѓе на ОБСЕ дадени во Извештајот за посета на РМ4 , како и други стратегиски документи и добри практики на ЕУ и ОБСЕ5. Дополнително, беа анализирани и интерпретирани и соодветните извештаи на Стејт департментот на САД и други релевантни национални и меѓународни документи.

*- Воспоставување на кредибилна Евиденција за откривање, следење и гонење на прекуграничниот криминал;*

*- Подобрување на ефикасноста во справување со кривични дела откриени на граничните премини - систематизирање и операционализирање на работни места во ПС за ГП надлежни за постапување по кривични дела откриени на самите гранични премини;*

*- Учество во меѓународни заеднички и координирани оперативни активности.*

**Подкомпонента 1.3.1 Криумчарење мигранти**

Борбата против криумчарење на мигранти и сузбивањето на организираните криминални групи кои вршат криумчарење е еден од главните приоритети не само бидејќи се работи за високо профитабелен криминален бизнис, туку и заради заштита на животот и здравјето на криумчарените мигранти. Праксата мигрантите да се криумчарат во крајно нехумани, па и животно загрозувачки услови е сè поприсутна не само во регионот туку и пошироко.

Како земја која директно се наоѓа на тнр. „Западнобалканска рута“ во изминатиот период во Република Северна Македонија беа откриени голем број на случаи на криумчарење мигранти. Активирањето на рутата го искористија криминалните групи кои своите криминални активности (недозволена трговија со дрога, оружје, акцизи) ги насочија кон криумчарење мигранти како криминален бизнис кој е високо проофитабилен, а за кој е потребно ниско ниво на експертиза и софистицираност.

Во случаите на криумчарење на мигранти и кривичните дела поврзани со илегална миграција постапува граничната полиција, додека случаите на криумчарење на мигранти кои имаат елементи на организиран криминал се во надлежност на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК), во чии рамки функционира Единица за борба против прекуграничен криминал и трговија со луѓе. Двете служби имаат воспоставено многу блиска соработка, и во своите активности се поддржани од останатите организациски единици во МВР.

За уште поефикасно сузбивање на организирани криминални групи кои се занимаваат со криумчарење мигранти и постапување во случаи на трговија со луѓе формирана е Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ). НЕСКМТЛ е раководена од Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) во Скопје и е составена од припадници на ОСОСК и граничната полиција, со што е обезбедено максимално ниво на соработка помеѓу клучните служби во оваа област. Со цел подобра координација помеѓу надлежните служби во МВР назначени се контакт лица и од останатите организациони единици.

При реализирање на криминалистичките истраги, НЕСКМТЛ тесно соработува со граничната полиција, односно со регионалните центри за гранични работи, Мобилната единица за компензаторни мерки и секторите за внатрешни работи, кои го имаат првичниот контакт со илегалните мигранти и досегашните резултати се исклучително добри.

Во делот на превенцијата се преземаа активности за подигање на свесноста кај возачите на камиони како една од целните групи кои се засегнати од оваа појава. Во таа насока беа организирани и повеќе средби со здруженија на превозници, истите се охрабруваат да соработуваат со надлежните органи, а НКЦГУ во соработка со другите институции изготви 10.000 флаери со предупредување и начинот на постапување на возачите со цел откривање на мигранти во багажниот простор. Како резултат на преземените активности создадена е клима на меѓусебна доверба и беа регистрирани голем број случаи на откриени илегални мигранти скриени во товарни возила по пријава на самите возачи на камиони кои слободно пријавуваат сомнителни активности во своите возила на граничните премини, царинските складишта итн.

Справувањето со илегалната миграција и сузбивањето на криумчарењето на мигранти и понатаму ќе биде приоритет на Министерството за внатрешни работи. Во таа насока, ќе продолжи јакнењето на капацитетите на НЕСКМТЛ и на граничната полиција, особено во делот на подобрување на мобилноста, обука на персоналот и модернизација на опремата. Исто така, ќе продолжи да се развива соработката со земјите од регионот преку меѓународните агенции за спроведување на законот, како што се Europol, SELEC -на полициско и оперативно ниво и EuroJust-на ниво на обвинители.

*Конкретни цели:*

*- Имплементација на Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025*

*- Натамошно развивање на соработката со Europol, SELEC, EuroJust и со партнерските служби од други земји;*

*- Учество во заеднички истражни тимови;*

### Подкомпонента 1.3.2 Трговија со луѓе

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе како еден од врвните приоритети национални приоритети ја креира и координира НКБТЛИМ.

Во Министерството за внатрешни работи, криминалната област - трговија со луѓе ја работи НЕСКМТЛ, која е единствено надлежна за откривање и докажување на овој вид кривични дела. Од формирањето на Националната единица, забележан

е тренд на зголемена идентификација на жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ), како и зголемување на бројот на поднесени кривични пријави, додека во методите на регрутирање на жртвите не е регистрирана промена во трендовите. Согласно реформскиот План 3-6-9 и План 18 и во согласност со препораките од евалуацијата на ГРЕТА за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа, преку заедничко делување на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи, во 2018 година беа формирани пет мобилни тимови кои имаат надлежност за идентификација на лица од ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе. Мобилните тимови вршат оперативни извидувања и опсервации на терен, со цел идентификување на потенцијални жртви на трговија со луѓе, како и лица сторители на кривични дела трговија со луѓе и трговија со дете.

Граничната полиција има важен улога во Националниот механизам за упатување на ЖТЛ, особено во идентификацијата на потенцијални ЖТЛ како на граничните премини така и во рамки на мешовитите миграциски текови. Во случаите на трговија со луѓа кои имаат прекугранична димензија, граничните полициски службеници го остваруваат првиот контакт со овие лица. Заради поефикасно постапување, во изминатиот период беа изработени нови Стандардни оперативни процедури за постапување со ЖТЛ и општи индикатори за првична/прелиминарна идентификација на претпоставени и потенцијални ЖТЛ во случаи на мешани миграциски движења, прилагодени на новите трендовии континуирано се организираат обука за нивна правилна имплементација во пракса.

Во наредниот период ќе се продолжи со унапредување на Националниот механизам за упатување на ЖТЛ и поефикасна борба против трговија со луѓе преку имплементација на активностите предвидени во Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025.

*Конкретни цели:*

*- Ќе се реализираат преку имплементација на Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025*

**Подкомпонента 1.4 Фалсификување документи**

Откривањето на фалисфикувани документи е една од примарните работни задачи на припадниците на граничната полиција на граничните премини. Во зависност од видот на фалсификатот, проверката и откривањето може да биде на самиот граничен премин, или пак преку вештачење на централно ниво во Министерството за внатрешни работи.

Во изминатиот период најчесто беа откривани фалсификати на патни исправи, зелени картони, лични карти, дозволи за престој, возачки дозволи, визи итн.

Граничните премини се опремени со систем за откривање фалсификувани документи –Vispec 2 VSC 4 IVSC 400, кои располагаат со солидни технички карактеристики.

Во однос на типологијата на фалсификати, секој регионален центар се соочува со различен тип на ризици. На граничните премини кон Албанија и на Меѓународниот аеродромот Скопје најмногу фалсификувани патни документи се регистрирани кај албанските и турските државјани, на граничниот премин Табановце често откривааат фалсификувани визи и дозволи за престој, но и фалсификувани документи за сопственост на моторни возила итн. Во контекст на мигрантската криза, освен масовното фалсификување на грчки потврди во периодот до март 2016 година кога беше дозволен легален транзит долж Западнобалканската рута, употребата на фалсификувани документи за илегално транзитирање кон западноевропските земји не е многу застапено, иако повремено се регистрираат и такви случаи.

Со оглед на тоа што фалсификувањето документи е регионален и меѓународен проблем, неоподно е натамошно унапредување на соработката со соседните земји и земјите на потекло на вакви документи, како и постојано зајакнување на соработката со Европол која работи на оваа проблематика.

За наредниот период планирана е набавка на нови системи за откривање на фалсификувани документи за потребите на граничната полиција, но и континуирана обука на персоналот за користење на опремата, препознавање на новите трендови во оваа област и новите начини на фалсификување документи.

*Конкретни цели:*

*- Формирање на експертски тимови за откривање на фалсификувани документи и назначување на национална контакт точка во граничната полиција;*

*- Редовно ажурирање и надградба на централната база на фалсификувани документи;*

*- Континуирано одржување на основни, напредни и специјализирани обуки за персоналот од сите нивоа;*

*- Континуирано следење на новитетите во областа на фалсификуваните документи, размена на информации, алерти со ЕУ агенции и надлежни служби на партнерски земји;*

*- Набавка на уреди за испитување на исправноста на документи за потребите на граничните премини.*

### Подкомпонента 1.5. Меѓународна заштита

Постапувањето со лицата баратели на азил е во согласност со меѓународните стандарди и со целосно почитување на човечкото достоинство и човековите права.

Особено внимание се посветува на непридружуваните малолетници и ранливи категории на лица кои поднесуваат барање за признавање право на азил.

За постапување по барањата за признавање на правото на азил е надлежен Секторот за азил при Одделот за граѓански работи (ОГР – СА), кој поради обезбедување непристрасност во постапката организациски е целосно издвоен не само од граничната полиција туку и од Бирото за јавна безбедност. ОГР- СА е под директна надлежност на Министерот за внатрешни работи.

Во делот на азилот, националното законодавство беше во голем степен хармонизиран со ЕУ законодавството и меѓународните стандарди. Со цел натамошно усогласување, во април 2018 година е донесен новиот Закон за меѓународна и привремена заштита усогласен со кој се изврши усогласување со четири ЕУ Директиви[21]. Во тој контекст, со помош на EASO се изработени и СОП за регистрација на баратели за азил и СОП за водење на постапки поднесени барања за признавања права на азил.

Граничната полиција има важна улога во идентификувањето на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита. Во најголем број на случаи токму полициските службеници на граничната полиција го оствaруваат првиот контакт со овие лица, поради што изминатиот период беа реализирани голем број на обуки од оваа област.

Унапредувањето на пристапот до меѓународна заштита ќе биде приоритет и во наредниот период. Во таа насока ќе продолжат мерките за зајакнување на капацитетите за систематско спроведување на стандардни оперативни процедури за непридружувани малолетни лица странци и ранливи категории на лица и со поддршка на EASO ќе биде финализиран „Национален патоказ за соработка помеѓу EASO и Република Северна Македонија, во врска со зајакнување на процедурите за азил, во контекст на заедничкиот Европски систем за азил и ЕУ стандардите“.

Ќе продолжи интензивната соработка со EASO во областа на азилот, како и континуираните обуки на полициските службеници кои што се јавуваат како прва точка на поднесување на барање за признавање право на азил и на службениците задолжени за постапката за азил.

*Конкретни цели:*

*- Изработка и имплементација на „Национален патоказ за соработка помеѓу* EASO *и Република Северна Македониија, во врска со зајакнување на процедурите за азил, во контекст на заедничкиот Европски систем за азил и ЕУ стандардите“;*

*- Континуирани основни и напредни обуки за полициски службеници на прва линија и персонал ангажиран во прифатниот центар за странци и привремените транзитни центри.*

---

[21] Усогласување со европските директиви во областа на азилот односно меѓународната заштита и тоа: Директива 2011/95/ЕУ од 13 12.2011 (CELEX 32011L0095); Директива 2013/32/ЕУ 26.06.2013 (CELEX број 32013L0032) ; Директива 2013/33/ЕУ 26.06.2013 (CELEX 32013L0033) и .Директива 2001/55 од 20.07.2001 (CELEX 32001L0055)

# 4.КОМПОНЕНТА 2 - АНАЛИЗА НА РИЗИК

Анализата на ризик е еден од најважните столбови во функционирањето на Интегрираното гранично управување и е појдовна точка за сите активности кои се преземаат во негови рамки. Анализата на ризик и аналитичките продукти произлезени од неа се користат и во стратешкото и во оперативното планирање - за утврдување на приоритетите и носење на стратешки одлуки на високо ниво, планирање и операционализација на истите на ефикасен и ефективен начин, со цел постигнување на очекуваните резултати со рационално користење на расположивите ресурсите но и за навремено утврдување на определени слабости, ранливоста и потенцијалните закани.

За целите на граничното работење се користат SWOT и PESTLE алатките, а анализата на ризик се врши согласно CIRAM методот развиен од страна на FRONTEX – EBCGA, со кои нивото на закана од ризиците се идентификува преку определување наранливоста, веројатноста и можното влијание. Овој модел е прифатен со цел натамошно усогласување со ЕУ стандардите и во оваа област, но и поради тоа што CIRAM се покажа како доверлив и ефикасен модел кој го олеснува утврдувањето на приоритетите во работата, носењето на одлуки и оптимизирањето на силите и средствата.

Во согласност со методологијата на FRONTEX, изработени се методологија и упатство за изработка на Анализа на Ризик и истата е предвидено да се изработува на 3 нивоа: централно (Стратешко) ниво, регионално – на ниво на Регионални центри за гранични работи и локално ниво кое ќе се однесува на подрачјето на полициските станици за ГП и ГН.

Во Министерството за внатрешни работи, надлежни тела за анализа на ризик на централно ниво се Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (ОКРА) во соработка со Одделот за гранични работи и миграции (ОГРМ),на регионално ниво Одделенијата за криминалистички работи и разузнавање во регионалните центри за гранични работи, а на локално ниво Помошниците командири на Полициските станици за ГП и ГН.

Главен партнер на Министерството за внатрешни работи во областа на анализата на ризик е FRONTEX – EBCGA, со чија поддршка се обучени не само крајни корисници, туку и сертифицирани национални обучувачи кои извршуваат обуки за потребите на граничната полиција. Соработката со FRONTEX–EBCGA во оваа област се реализира преку учество на национални претставнициво работата на Мрежата за анализа на ризик во Западен Балкан (WBRAN) и на Мрежата за анализа на ризик на воздушните граници (ABRAN), во изготвувањето надел од аналитичките продукти на анализа на ризик на FRONTEX – EBCGA, но и преку размена на аналитички продукти и дневна размена на податоци преку платформата JORA.

Анализата на ризик на Царинската управа методолошки е малку поразлична од онаа на Министерството за внатрешни работи, но и двете овозможуваат брза и квалитетна размена на податоци на сите нивоа.

*Конкретни цели:*

*- Континуирана соработка со FRONTEX - EBCGA во областа на ситуациската свесност- учество во WBRANи ABRAN, следење на ЕУ новитетите во оваа област и имплементација на CIRAM 2.0;*

*- Јакнување на капацитетите за анализа на ризик на регионално ниво (кадровско зајакнување и техничко доопремување на ОКРА при РЦ за ГР);*

*- Операционализација на електронска база на податоци за оперативни информации.*

Во наредниот период, Министерството за внатрешни работи ќе ја продолжи блиската соработка со FRONTEX EBCGAво областа на ситуациската свесност преку учество во формираните мрежи и работни групи и редовна размена на информации, податоци и аналитички продукти.

Како и досега, во процесот на анализа на ризикпокрај информациите добиени од свои извори ќе бидат користени и аналитичките продукти на Frontex – EBCGA, EASO, EUROPOL, на надлежните служби на соседните држави и државите од регионот, информации од отворени извори итн.

Ќе биде извршено кадровско зајакнување во регионалните центри за гранични работи и ќе биде обезбеден поголем број на обуки за потребите на регионално и локално ниво, како и соодветно техничко опремување.

Ќе се стави во функција електронска база на податоци за оперативни информации, што треба да овозможи различни нивоа на доверливост, пристап,според дозвола, дневници за увид и управување со информации, траги (логови) за најавување, внесување на информациите во базата на податоци, до која ќе имаат пристап сите полициски службеници, валидација и верификација на внесената информација, поврзување на информациите со одредени лица, возила, телефонски броеви итн.

Ќе се обезбедат услови за навремена имплементација на евентуални ЕУ новитети во оваа област.

## 5. КОМПОНЕНТА 3 - ПРЕКУГРАНИЧНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ, СОРАБОТКА СО FROTEX–EBCGA И ДРУГИ ЕУ АГЕНЦИИ

**Подкомпонента 3.1. Прекугранична полициска соработка со соседните држави**

Прекуграничната полициска соработка со надлежните органи на сите соседни држави освен со Р. Грција (Р. Албанија, Р. Бугарија, Р. Косово, Р. Србија) се реализира преку воспоставување и имплементација на формите на прекугранична полициска соработка содржани во Шенген Каталогот со ЕУ препораки и најдобри пракси (*Шенген Каталог, IV-ти дел: Полициска соработка*), оперативна соработка со FRONTEX, преку практична имплементација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа (КПСЈИЕ) од мај 2006 година и во рамки на регионални меѓународни проекти.

*Табела -Преглед на применети форми на прекугранична полициска соработка со соседните земји*

| Форма на соработка | Албанија | Србија | Косово | Бугарија |
|---|---|---|---|---|
| Размена на информации (3 нивоа) | ДА | ДА | ДА | ДА |
| Редовни состаноци | ДА | ДА | ДА | ДА |
| Мешовити патроли | ДА *Од 04.06.08* | ДА *Од 03.04.12* | ДА *Од 10.09.11* | ДА *Од 01.09.11* |
| Заеднички гранични премини | ДА *Од 17.05.2013* | ДА *Од 07.05.11 – Г. Црцорија – Голеш, Од 26.08.2019 – Табановце-Прешево* | ДА *Од 30.01.20 Белановце - Станчиќ* | НЕ |
| Заеднички контакт центри | ДА *ЗКЦ Ќафасан, Отворен на 17.05.2013* | ДА *ЗКЦ Табановце, Отворен на 28.12.2013* | ДА *ЗКЦ Д. Блаце, Отворен на 23.01.2015* | ДА *ЗКЦ Д. Баир – Ѓуешево, Отворен на 21.02.11* |
| Заеднички операции | ДА | | | |
| Заеднички обуки | ДА | | | |

Во изминатите години, како форми на прекугранична полициска соработка со сите соседни земји освен со Р. Грција воспоставени се и се имплементираат редовна размена на информации и редовно одржување на состаноци на сите три

нивоа (локално, регионално и централно), реализација на мешовити патроли, заеднички обуки и заеднички операции, а отворени се и функционираат Заеднички контакт центри за полициска соработка (табела погоре). ЗКЦ Д. Баир – Ѓуешево со Р. Бугарија е единствен центар за полициска и царинска соработка и преку него се разменуваат скоро 80% од вкупниот број на информации разменети преку ЗКЦ. Доколку се укаже потреба и останатите ЗКЦ може да прераснат во центри од ваков тип. Засега, тие се отворени седум дела во неделата, работат со определено работно време и ја остваруваат својата основна функција за размена на информации со соседните држави како и испраќање на пораки за рано предупредување и други потребни информации со цел заедничка борба против сите форми на прекуграничен криминал. Со оглед на тоа што сите ЗКЦ се наоѓаат во непосредна близина на граничните премини, досега не се укажа потреба за продолжување на работното време и функционирање на принципот 24/7, бидејќи во итни случаи надвор од работното време информациите може да се разменуваат и директно на граничниот премин.

Една од применетите форми на прекугранична полициска соработка е и отворањето на заеднички гранични премини со цел забрзување и олеснување на протокот на патници и стоки, област што е подетално разработена во компонентата „гранични проверки “.

Најголем дел од споменатите форми на соработка не се реализираат со надлежните служби на Р. Грција, а и оние кои се имплементираат (редовни состаноци, заеднички обуки) не се на структуиран начин на кој тоа се прави со останатите држави. Во изминатиот период во повеќе наврати беа поднесени иницијативи за потпишување на соодветни Договори и протоколи за воспоставување на одредени форми на соработка (Заеднички контакт центри за полициска соработка, мешовити патроли). Одреден напредок е забележан во делот на иницикативите за отворање на нови гранични премини и генерално соработката е добра, но не е на нивото како со останатите соседни држави.

Прекуграничната полициска соработка со надлежните служби на соседните држави се развива и реализира билатерално но и регионално, во рамки на регионални и меѓународни програми, проекти и иницијативи во кои учествуваат земјите од Западен Балкан. Овој начин на соработка подетално е објаснет во компонентата „меѓународна соработка“.

За полициските службеници кои се вклучени во имплементацијата на формите на соработка, покрај редовните обуки се организираат и соодветни специјализирани обуки за конкретната форма на соработка. Дел од нив се на планираат и реализираат на национално ниво, но предност се дава на заедничките обуки на персоналот на двете служби. Фундаменталните права и постапувањето со ранливи категории на лица се дел од темите на овие обуки, како посебни тренинзи или како еден од модулите во обуката.

Во наредниот период, ќе се продолжи со имплементација на постоечките форми на соработка и ќе се преземат мерки за зголемување на нивната ефикасност преку континуирани обуки на персоналот.

Во делот на размената на информации, ќе се преземат потребните чекори (правна основа, техничко опремување, обуки) за директна размена на постоечките Заеднички контакт центри за полициска соработка со другите слични центри во Европа. Ќе се реафирмира иницијативата за отворање на Заеднички контакт центар со Р. Грција и ќе се поттикнува поголема размена на информации за потребите на останатите организациони единици во МВР.

Понатаму, ќе се реафирмира иницијативата за отпочнување со мешовити патроли со надлежните служби на Р. Грција, а ќе продолжи и праксата на отворање на нови заеднички гранични премини со соседните земји.

*Конкретни цели:*

*- Имплементација и зајакнување на воспоставените форми на соработка со надлежните служби на Албанија, Бугарија, Србија и Косово;*

*- Јакнување на капацитетите на Заедничките координативни центри за полицискаи царинска соработка и овозможување на нивна директна комуникација и соработка со останатите ЗКЦ (PCCC) во Европа;*

*- Потпишување на Договор за полициска соработка со МВР на Р. Грција;*

*- Иницијативи за воспоставување на Заеднички контакт центар за полициска соработка, мешовити патроли и редовни состаноци со надлежните служби на Р. Грција.*

### Подкомпонента 3.2. Соработка со FRONTEX – EBCGAи други ЕУ агенции

Соработката со FRONTEX - EBCGAсе реализира преку активности во повеќе области: Оперативна соработка (учество во Заеднички операции и заеднички оперативни активности, размена на персонал итн), Ситуациска свесност и мониторинг, Враќање, Истражување и иновации, и во областа на хоризонтални обуки и други тренинг активности.

Од стапувањето на сила на Договорот за воспоставување на оперативна соработка во јануари 2009 година, соработката со FRONTEX – EBCGA е на високо ниво и континуирано се продлабочува. Во последните години меѓусебната соработка е веројатно на највисоко ниво досега како во поглед на квантитетот, така и во поглед на квалитетот на заедничките активности. Дополнителен квалитет на соработката дадоа вклучувањето на наши претставници во нови области и активности во кои претходно не учествувавме, распоредувањето и придонесот на Регионалниот офицер за врска во регионот на Западен Балкан со седиште во Белград, но и добро структуираната програма за соработка. Со FRONTEX – EBCGA

се соработува директно, на билатерална основа, како и преку нивно учество во регионални и меѓународни проекти, како Регионалната програма во рамки на ИПА - „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан и Турција“ каде FRONTEX – EBCGA е еден од главните партнери.

Соработката со FRONTEX – EBCGA и понатаму останува еден од стратешките приоритети, како од аспект на натамашно усогласување со ЕУ стандардите во граничното работење и исполнување на условите за придружување во ЕУ, така и од аспект на успешно справување со заедничките закани и предизвици.

Во наредниот период, главни приоритети ќе бидат:

- Потпишување и операционализација на Договорот за статус со Европската Унија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, кој беше парафиран во јули 2018 година,
- Склучување на нов Работен Договор за оперативна соработка со FRONTEX – EBCGA кој ќе ги има во предвид новиот мандат на Агенцијата како и новите предизвици и закани кои се појавија од потпишувањето на првиот договор во 2009 година па наваму,
- натамошно продлабочување на соработката во сите претходно наведени области и подготвеност за развивање на нови форми на соработка.

Соработката со останатите агенции на ЕУ, во прв редЕвропската канцеларија за поддршка на азил - EASO и EUROPOL исто така е на високо ниво.

Како и FRONTEX – EBCGA и EASO е еден од главните партнери во Регионалната програма во рамки на ИПА - „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан и Турција“ кој активно го поддржува јакнењето на националните капацитети за меѓународна заштита на добро структуиран начин и на повеќе нивоа[22].

Соработката со EASO ќе продолжи да се реализира преку имплементација на „Патоказот за јакнење на системите за прифат и азил согласно ЕУ стандардите 2020-2022 година„ а натамошните приоритети и области на соработка ќе бидат заеднички утврдени по реализацијата и евалуацијата на активностите содржани во овој документ.

Со EUROPOL соработката се одвива согласно Договорот за оперативна и стратешка соработка со Европол потпишан во 2011 година и објанен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/11 од 14.12.2011 година. Во 2013 година воспоставен е безбеден комуникациски линк за размена на информации, а во 2015 година упатен е Офицер за врска, односно формирано е Бирото за врска во Европол.

---

[22]Повеќе детали за начинот на соработка се достапни во Годишниот извештај на EASO од 2020 година https://easo.europa.eu/sites/default/files/EASO-Asylum-Report-2020.pdf

Договорот за оперативна и стратешка соработка овозможи интензивирање на оперативните активности и поголема застапеност и учество во активностите на оваа агенција, користење на нејзините услуги и продукти за потребите на националните служби. Подобрена е ефикасноста на оперативна соработка, овозможено е директно учество во аналитичките работни досиеја на ЕВРОПОЛ (AWF - Analysis Work File) а националните служби редовно учествуваат во заедничките оперативни денови (JAD) на оперативните акцииво рамки на EMPACT (European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats).

Во наредниот период приоритет ќе биде натамошно развивање на соработката преку учество во заеднички билатерални или мултитерални и EMPACT операции во сите области, учество во заеднички истражни тимови, приклучување кон нови Проекти за оперативна анализа, континуирана размена на оперативни и стратешки информации и користење на продуктите на Европол.

*Конкретни цели:*

*- Континуирана соработка со Frontex - EBCGA во сите области: Оперативна соработка,Ситуациска свесност и мониторинг, Враќање, Истражување и иновации, и во областа на хоризонтални обуки и други тренинг активности;*

*- Потпишување на Договорот за статус со Европската Унија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража;*

*- Изработка на оперативен план за заедничка операција на Frontex на македонско - грчката граница;*

*- Потпишување на нов Работен договор за оперативна соработка со Frontex – EBCGA;*

*- Континуирана соработка со Europol, EASO, Interpol, EuroJust, размена на информации, користење на аналитички продуктии учество во оперативни активности и проекти организирани/ координирани/ поддржани од нивна страна.*

## 6. КОМПОНЕНТА 4 - МЕЃУАГЕНЦИСКА СОРАБОТКА

Меѓуагенциската соработка на сите три нивоа (централно, регионално и локално) и понатаму останува еден од главните столбови на националниот систем за ИГУ.Соработката помеѓу институциите вклучени во системот за интегрирано гранично управување, во зависност од потребите, се одвива директно или преку Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ).

Покрај размената на информации, институциите вклучени во ИГУ соработуваа и во делот на вршењето на гранични проверки, заедничко учество или меѓусебна поддршка во опрема и персонал при учество во заеднички оперативни

активности (национални и меѓународни). Со дел од институциите, меѓу-агенциската соработка се реализира и преку заедничко користење на инфраструктурата, во прв ред на граничните премини.

Исто така, беа организирани и реализирани заеднички обуки, како и други настани (работилници, семинари) кои служеа како платформа за меѓусебна размена на искуства и знаења.

Важноста на меѓу–агенциската соработка особено дојде до израз по појавата на COBID-19 и мерките насочени кон спречување на нејзиното ширење. Голем дел од овие мерки се однесуваа токму на ограничување на движењето преку државната граница, дефинирање на нови услови за влез и излез и воведување на нови протоколи и документи за таа намена (протоколи за постапување со потенцијално заразени лица, со лица кои доаѓаат од ризични земји, поседување на сертификати за COVID-19 вакцини, потврди за негативен PCR тестови, за прележан COVID-19, итн.), со што улогата на здравствените институции кои и претходно беа дел од системот за гранично управување беше значително зголемена.

Во таа насока, во наредниот период ќе се продолжи со натамошно продлабочување на соработката во горенаведените области (вклучувајќи го и интензивирањето на соработката на МВР и МФ ЦУ со здравствените институции), а ќе се работи и на создавање на услови (законски и технички) за заедничко користење на базите на податоци.

Дополнително, отпочнатите активности за имплементацијата на Единствениот Национален Прозорец (ЕНП) (National Single Window – NSW) ќе обезбедат усогласување со европското законодавство за дигитализација и олеснување на протокот на стока и патници. Овој проект ќе обезбеди важни придобивки за олеснување на трговијата преку зголемен интегритет и транспарентност, подобрена координација меѓу агенциите, пониски трошоци за трговски трансакции, намалување на времето потребно за царинење на добрата и поефикасно и поефтивно распоредување на ресурсите и заштеда на време. Имајќи ја во предвид важноста на овој проект и вклученоста на 17 државни институции, како и бизнис заедницата и јавниот сектор неопходно е долгорочно да се планира градењето на капацитети и одржливоста на ЕНП преку обезбедување на квалитетни континуирани обуки и настани за сите засегнати страни. За обезбедување на квалитетни и навремени обуки за вработените во институциите, особено на царинските службеници, неопходни се просторни капацитети и опрема за одржување на обуките. Искористеноста на овие простории ќе биде повеќекратна од причина што истите ќе се користат за основна и континуирана обука за царинските службеници за градење на компетентни кадри што ќе води кон правилна и еднозначна примена на националното и меѓународно законодавство.

Понатаму, со цел натамошно исполнување на ЕУ стандардите во граничното работење и усогласување на националниот со европскиот систем за ИГУ, во наредниот период ќе се преземат мерки за натамошно подобрување на ефикасноста на НКЦГУ и усогласување на неговата функција со Техничката и

оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM).

Дополнително, ќе се преземат мерки за поквалитетна меѓусебна размена на информации меѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии - Царинска управа преку подобро дефинирање на структурата и навременоста на разменетите информации.

Исто така, ќе се преземат неопходните мерки за поактивно вклучување на Управата за шумска полиција во обезбедувањето на релевантни информации во врска со илегалната миграција, како служба која континуирано е присутна на терен во близина на граничната линија, а ќе продолжи и соработката со невладиниот сектор (особено автобуските и камионски превозници) со цел добивање на навремени информации за можнакорупција,транспорт на мигранти итн. преку гранични преминипреку мобилни апликации во реално време.

*Конкретни цели:*

*- Креирање на услови за поефикасно користење на базите на податоци за потребите на надлежните институции вклучени во ИГУ;*

*- Натамошно подобрување на размената на информации помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерство за финансии - Царинска управа;*

*- Натамошно подобрување на соработката и координацијата помеѓу надлежните институции вклучени во ИГУ – развивање на протоколи и стандардни оперативни процедури за постапување во различни конкретни ситуации, вклучувајќи и постапување во услови на пандемија);*

*- Натамошно координирање на активностите во делот на набавка и користење на техничка опрема со цел намалување на финансиските трошоци и подобрување на ефикасноста (заедничка набавка на техничка опрема, координирано распоредување на ресурсите при заеднички меѓунаородни операции, користење на заедничка инфраструктура, итн.);*

*- Подобрување на размената на информации со Управата за шумска полиција со цел обезбедување на информации за илегални активности во близина на државната граница;*

*- Подобрување на соработката со автобуските и камионските превозници во делот на добивање на информации во реално време за настани на граничните премини (коруптивни активности, илегални мигранти и други видови на прекуграничен криминал на граничните премини).*

*- Подготовка на проектен план за заеднички тренинг центар на институциите вклучени во ЕНП*

## 7. КОМПОНЕНТА 5 - МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Заедно со внатре-агенциската и меѓу-агенциската соработка, меѓународната соработка останува еден од трите главни столба на националниот систем на ИГУ.

Покрај соработката со соседните земји, со FRONTEX – EBCGA и другите агенции на ЕУ разработени во точка 5, меѓународната соработка ја комплетираат соработката со надлежните служби на останатите земји во поширокиот регион, билатералната соработка со земјите – членки на ЕУ земјите, со останатите земји, агенциите на УН и други меѓународни организации.

Соработката со земјите – членки на ЕУ се реализира во рамки на соработката со ЕУ и нејзините агенции, но и на билатерално ниво. Главната поддршка во јакнењето на капацитетите во областа на граничното управување беше структуирана преку механизмите на ЕУ, но поддршката на билатерална основа од повеќе ЕУ земји, пред се Чешка, Унгарија, Полска, Германија, итн., како и од САД исто така значително придонесе во јакнењето на капацитетите во оваа област и во ефикасното и брзо справување со неочекуваните закани и предизвици, особено оние поврзани со мигрантскиот притисок, во периодот од 2015 па наваму.

Регионалната соработка се имплементира преку активно учество во проекти, програми и иницијативи во различни формати:

- најголем дел од нив имаат за цел јакнење на националните капацитети на земјите од регионот и подобрување на регионалната гранична безбедност, каде крајни корисници се земјите од Западен Балкан, а активностите претставуваат платформа за редовна размена на информации и искуства, координирање на активностите, заеднички оперативни активности итн.

- другиот дел од регионалната соработка се имплементира во различни формати со различни земји – учеснички, а во зависност од тековните предизвици и приоритети. Во изминатиот период главно се концентрираше на закани поврзани со масовниот прилив на мигранти и ги вклучуваше земјите од тнр. „Западнобалканска рута“ земјите – крајни дестинации и други ЕУ земји, а се реализираше во неформални иницијативи или во рамки на некоја од постоечките платформи и процеси како Прашки процес, Салзбуршки форум, Будимпештански процес, итн.

Во делот на регионалната соработка на Западен Балкан значителна улога имаа Демократскиот центар за контрола на вооружените сили - DCAF и Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци – MARRI, која е единствена регионална структура составена од шесте земји од Западен Балкан, а во поширока регионална смисла Организацијата за безбедност и стабилноство Европа – OSCE.

Соработката со агенциите на ОН и со останатите меѓународните организации е континуирана и е исто така на многу високо ниво. Особено е активна

соработката со агенциите на ОН – IOM и UNHCR, но и со UNODC, UNICEF, UNDP, како и со Меѓународниот центар за развој на миграциски политики - ICMPD и други меѓународни организации кои се активни во области поврзани со граничната безбедност и миграциите.

Во наредниот период ќе се продолжи со натамошно продлабочување на соработката со сите горенаведени агенции и организации согласно нивниот мандат, меѓународните конвенции и соодветните меморандуми за разбирање, преку натамошна имплементација на тековните и иницирање на нови заеднички проекти и програми.

### Отворен Балкан

Регионалната иницијатива „Отворен балкан" ќе има големо значење во планирањето на идните активности на ИГУ. Во наредниот период главните приоритети ќе бидат ставени на поедноставување на процедурите при преминување на границите меѓу земјите од регионот, а главната цел ќе биде подобрување на трговската размена и минимално запирање на границите.

Приоритети ќе бидат размена на податоци за разни видови стоки, признавање на фито сертификати за храна, отстранување или намалување на административни такси или менување на тарифите, во зависност од проценката, размена на листи за штетни организми, воспоставување на заеднички пазар на труд, со поедноставни процедури за вадење документација.

Во рамки на Отворен Балкан предвидено е планирање и спроведување на мерки за заштита од природни непогоди и несреќи од поплави, земјотреси, пожари, загадување на животната средина, несреќи на пловни објекти, радиолошки опасности, разни пандемии, како и индустриски и други катастрофи, взаемно известување за заканите и давање помош.

*Конкретни цели:*

*- Континуирана соработка со земјите долж тнр. „Западнобалканска рута" – редовна размена на информации, оперативна соработка, техничка помош;*

*- Континуирана соработка со агенции и тела на ОН;*

*-Континуирана соработка со меѓународни организации и учество во меѓународни платформи и инцијативи (OSCE, DCAF, ICMPD, Прашки процес, Берлински процес, Салзбуршки форум, Заедничка платформа за координација, итн.),*

*- Јакнење на соработката помеѓу Националните координативни центри за ИГУ во регионот.*

*- Континуирани активности кои произлегуваат од проектот „Отворен Балкан,,*

## 8. КОМПОНЕНТА 6 -МЕРКИ ВО ВНАТРЕШНОСТА

Со оглед на тоа што Репубика Северна Македонија не е дел од Шенген просторот и нема внатрешни ЕУ граници сите државни граници се третираат како надворешни и на нив се врши целосна гранична контрола. Сепак, активностите од областа на граничната контрола, особено во делот на борбата против прекуграничниот криминал и илегалната миграција не се одвиваат само на и во непосредна близина на државната граница туку и на целата територија на државата, а националното законодавство и организациската поставеност овозможуваат нивно непречено и ефикасно реализирање. Имено, согласно Законот за полиција, полициски работи се дејствија на полициските службеници кои меѓу другото се однесуваат и на контрола на движење и престој на странци и на гранични проверки и граничен надзор[23], а во Законот за гранична контрола е дефинирано дека граничната контрола е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, работите што се однесуваат на граничната контрола ги врши полицијата на Министерството, при вршењето на граничната контрола полициските службеници работат согласно со овластувањата утврдени со овој и друг закон и што е од особена важност, дека полициските службеници можат да ги применат овластувањата на целата територија на државата[24]. На овој начин, не само што полициските службеници од граничната полиција немаат никакви територијални ограничувања во поглед на примената на своите полициски овластувања, туку и сите полициски службеници на Министерството се должни да постапуваат согласно горенаведените закони.

Уште повеќе, граничната полиција е интегрален дел од Бирото за јавна безбедност и Министерството за внатрешни работи, што дополнително ја олеснува координацијата со останатите организациони единици во рамки на БЈБ, бидејќи станува збор за внатре-агенциска соработка каде не се потребни протоколи, меморандуми и слично.

Ваквата поставеност овозможува граничната полиција да врши контрола на лица и возила на целата територија на државата, како и преземање на тактички и оперативни мерки за спречување на прекуграничниот криминал, криумчарењето на мигранти и случаите со трговија на луѓе каде има елементи на прекуграничен криминал, да соработува со другите организациони единици во БЈБ во нивното сузбивање (општа надлежност, крим полиција, сообраќајна полиција, органзиран криминал итн.) но и да асистира на другите државни институции (Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска Управа, итн.).

Полициските станици за граничен надзор се во можност да поставуваат пунктови и да патролираат подлабоко на територијата на патните правци кои се

---

[23]Член 5 од Закон за полиција

[24] Член 4, член 5 и член 7 од Закон за гранична контрола

користат за криумчарење на мигранти, во рамки на Регионалните центри за гранични работи функционираат Одделенија за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија чии инспектори заедно со Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) се вклучени во сузбивањето на  криминални групи кои вршат криумчарење мигранти но и против останатите видови на прекуграничен криминал, на начин опишан во точка 3.3 „Спречување и откривање на прекуграничен криминал". На централно ниво, во рамки на Одделот за гранични работи и миграции при БЈБ функционира Мобилна единица за компензаторни мерки, која самостојно, во координација со РЦ за ГР или со други организациони единици презема мерки за спречување на сите видови на прекуграничен криминал, а по потреба им асистира на другите државни институции за дела кои се во нивна надлежност (МФ – ЦУ, МТВ, итн.).

Во наредниот период, приоритет ќе биде натамошно подобрување на мобилноста и ефикасноста на единиците кои преземаат мерки во внатрешноста преку нивно кадровско зајакнување, континуирани обуки, набавка на соодветни возила за таа намена, како и преку набавка на соодветна опрема.

*Конкретни цели:*

*- Јакнење на капацитетите на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе;*

*-Јакнење на капацитетите на Мобилната единица за компензаторни мерки;*

*- Континуирана соработка со други организациони единици на МВР (СВР, сообраќајна полиција, обезбедување на возови, итн.) во откривање и спречување на илегално движење и престој;*

*- Јакнење на капацитетите за контрола и увид во законскиот престој на странци во внатрешноста*

## 9. КОМПОНЕНТА 7 - ВРАЌАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ

Ефикасен механизам за враќање на државјани на трети земји во земјите на потекло или во земјите на транзит е еден од главните предуслови за ефикасно справување со илегалната миграција и како таков, претставува еден од нашите приоритети и истовремено еден од најголемите предизвици во изминатиот период. Условите, начинот и постапката за враќање на странци со незаконски престој се регулирани со Законот за странци кој е усогласен со ЕУ Директивата 2008/115/ЕС од 16 декември 2008 година.

Враќањето на странци кои се државјани на соседните земји, другите земји од регионот и од Европа се врши ефикасно и без никакви проблеми. Надлежните

органи во МВР[25], во соработка со останатите надлежни институции (МНР, МТСП, МЗ, итн.) ги организираат враќањата на достоинствен начин, со целосно почитување на фундаменталните права на лицата, правото на семејно обединување нивните медицински и други потреби, итн, особено кога се работи за лица од ранлива категорија.

Во контекст на мигрантската криза, неможноста за брзо и ефикасно враќање на илегалните мигранти во нивните земји на потекло или во земјите на транзит беше и се уште е еден од главните предизвици. Главни причини за тоа се недостатокот на договори за реадмисија со земјите на потекло (од Африка и Азија). Со Р. Грција, како земја од која пристигнуваат најголемиот број механизам за реадмисија постои но не е доволно ефикасен–враќањето се реализира согласно Договорот меѓу Р. Македонија и Европската Заедница за преземање на лица со незаконски престој од 18.09.2007 година, но нема Протокол за негова имплементација со кој би се прецизирале деталите, што е од голема важност особено при случаите по итна постапка, додека Договор за реадмисија со Р. Турција сѐ уште не е потпишан.

Асистирано доброволно враќање на лица и реинтеграција (AVRR) во нивните земји на потекло се врши преку Програма на IOM. Иако резултатите се релативно добри[26] а доброволното враќање е преферирaн начин на враќање, тоа е само помошна алатка, за ефикасно справување со илегалната миграција неопходни се и ефикасни и брзи процедури за враќање на сите лица со незаконски престој кои не бараат меѓународна заштита или за кои не важи принципот на невраќање од други причини.

За надминување на оваа состојба, во изминатиот период се иницирани постапки за потпишување на Договори со повеќе земји. Истовремено, во соработка со FRONTEX – EBCGA, ERRINи други партнерски организации се работеше на јакнење на националните капацитети за враќање и реинтеграција.

Во наредниот период ќе се продолжи со овие активности. Ќе се иницира потпишување на договори за реадмисија и со други земји од Азија и Африка, ќе се реафирмираат постоечките иницијативи за склучување на договори, од ЕУ ќе се побара поддршка како во процесот на склучување, така и во делот на практична имплементација на договорите и ќе се работи на подобрување на соработката со земјите на потекло. Во меѓувреме, во соработка со FRONTEX – EBCGA и ERRIN, IOM, ICMPD, и други партнерски организации ќе се продолжи со јакнењето на националните капацитети за подготовка и реализација на присилни враќања и

[25]Надлежни органи на МВР за спроведување на договорите за реадмисија се ОГРМ при БЈБ за редовна, и РЦ за ГР за итна постапка
[26]Во периодот од 2016 до 2020 година преку Програмата за доброволно асистирано враќање и реинтеграција во земјите на потекло се вратени 91 лице (Ирак -53, Иран -24, Мароко -5, Алжир -3, итн.)

развивање на капацитетите за асистирани доброволни враќањаи реинтеграција (AVRR).

*Конкретни цели:*

*- Потпишување на Договори за реадмисија со земји на потекло и земји на транзит;*

*- Потпишување на Протокол со Р. Грција за имплементација на Договорот со ЕК за взаемно преземање на лица со незаконски престој (Хоризнтален договор);*

*- Имплементација на Програмата зна IOM за асистирано доброволно враќање и реинтеграција (AVRR)*

*- Јакнење на националните капацитети за доброволно и присилно враќање.*

## 10. КОМПОНЕНТА 8 - ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ

Употребата на најнови технолошки достигнувања е императив за секоја државна институција која е дел од системот за интегрирано гранично управување. Согласно стратешката определба за полноправно членство во ЕУ, приоритет на Министерството за внатрешни работи во оваа област е набавка и користење на технологии кои ке ја зголемат ефикасноста на граничната контрола, а истовремено ќе бидат компатибилни со технологиите кои се користат во ЕУ.

Со оглед на тоа што воведувањето на современи технологии е скап и долготраен процес, потребна е длабока анализа на постоечката состојба и националните капацитети и внимателно одбирање на опции за достигнување на посакуваната состојба, особено ако се има во предвид дека усвоените решенија треба да бидат компатибилни не само со постоечките, туку и со планираните идни технологии кои ќе се користат во рамки на ЕУ, а кои се развиваат уште побрзо од националните.

Имајќи го во предвид горенаведеното, при опремувањето и реализацијата на најголем дел од активностите во изминатиот период беа користени искуства од земјите – членки на ЕУ и експертизи на FRONTEX – EBCGA и на странски експерти.

Во делот на граничниот надзор, покрај континуираната набавка на различни видови на опрема за надзор, на јужната граница беше воспоставен и Мобилен систем за видео надзор со команден центар. Ова решение, обезбедно со средства на Инструментот за претпристапна помош (IPA) на Европската Унија се покажа како многу практичнои ефикасно, па истиот принцип етапно ке се примени и на останатиот дел од државната граница. Во тек е проект за воспоставување на мобилен систем за надзор на западната граница кон Р. Албанија, а преку

Инструментот за претпристапна помош IPA III ќе се продолжи со воспоставување на системот и на северната граница кон Р. Србија и Р. Косово.

Во делот на регистрација на странци, извршена е надградба на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи (ИБАС), а за поефикасно справување со мигрантската криза воспоставени се капацитети за биометриска регистрација на лицата кои оствариле незаконски – илегален влез во државата.

Во насока на натамошно усогласување со ЕУ стандардите и обезбедување на компатибилност и оперативност на националните системи за управување со граници и со миграции, во рамки на Проект финансиран од ЕУ[27] од страна на FRONTEX – EBCGA изготвена е Физибилити студија со цел елаборирање на можните сценарија за подобрување на техничките капацитети и идно поврзување со ИТ системите на ЕУ. Студијата под наслов „Проценка на ИТ и комуникациската структура за поддршка на процесот на идентификација и регситрација на мешовити миграциски текоци во корисниците на IPAIIод Западен Балкан“ имаше за цел да ги идентификува постоечките недостатоци во ИТ инфраструктурата, процедурите и правната основа неопходна за идна интеграција на релевантните национални бази на податоци со постоечките ИТ системи на ЕУ (EURODAC, VIS, SISII).

Во наредниот период, продолжувањето на овој процес ќе биде еден од приоритетите. Во рамки на втората фаза на Проектот, со поддршка на FRONTEX - EBCGA ќе биде извршена длабинска анализасо цел да се развијат самоодржливи национални капацитети за идентификација и регистрација и да се обезбеди дека истите се развиени согласно ЕУ побарувањата и се компатибилни со EURODAC. Ќе биде изготвен национален Мастерплан, кој ќе се операционализира со поддршка на ЕУ преку Инструментот за претпристапна помош – IPA III.

Во делот на граничните проверки, беше надграден националниот систем за регистрација на влез и излез на патници и возила (Системот за контрола на патници и возила - СКПВ) и беше набавен нов мониторинг систем за граничните премини. Исто така, со поддршка на IOM[28], OSCEи други стратешки партнери беа преземени активности во делот на унапредување на размената на информации и зајакнување на граничната безбедност преку подготовка за систематско и ефикасно прибирање, обработка и користење на API/PNR податоци.

Активностите во насока на зајакнување на граничната безбедност преку овозможување на услови за навремена поефикасно процесуирање на легалните

---

[27]„Регионална поддршка на управувањето со сензитивната миграција во делот на Западен Балкан и Турција во рамки на IPA 2014-2020 (IPAII)

[28]IOMПроект„Подршка на државите од регионот на Западен Балкан во воспоставување на напреден систем за размена на информации за патници“

патници, поефикасно откривање и спречување на прекуграничниот криминал на граничните премини, навремено идентификување на безбедносно ризичните лица пред нивното пристигнување во земјата, надополнување на постојните процеси за проверка на податоците и поефикасна проценка на заканите ќе бидат приоритет и во наредниот период. Во таа насока, ќе биде извршена дополнителна софтверска надградба на постоечката програма на Системот за контрола на патници и возила – СКПВ и подобрување на нејзината функционалност и ќе продолжи процесот на воведување на системот за API/PNRи негово користење согласно меѓународните стандарди и преземените меѓународни обврски[29]. Дополнително, API/PNR и СКПВ меѓусебно ќе се поврзат, што ќе овозможи споредување на податоците од овие два система.

Во делот на примена на современи технологии, ќе се воспостави и интегриран аудио – видео систем на граничните премини. Во системот ќе бидат интегрирани мобилни („body”) камери на полициските службеници на граничните премини, фиксни камери во кабините за пасошка контрола и веќе постоечките фиксни периметарски камери кои го покриваат подрачјето на граничните премини, и со него ќе се подобри ефикасноста на функционирањето на истите преку подобар увид во состојбите на граничните премини во реално време, намалување на корупливните дејствија и унапредување на степенот на основаност на преземените дејства од страна на полициските службеници. Царинската управа во своето работење воведе дополнителна алакта за преглед на возила –Мобилен рентген (скенер), добиен преку финаинсиска помош од Европската унија, а планира и користење на дополнителни технички средства. Новиот систем за видео надзор и читање на регистарските таблички на возилата, кој се реализира преку заем од Светската банка, е предвидено да се реализира во наредниот среднорочен период со што занчително ќе се подобри капацитетот во оваа област. Се планира и воведување на друга техничка опрема за контрола на преминувањето преку држаната граница согласно надлежностите на царината и најдобрата пракса на ЕУ и пошироко. Во насока на понатамошна модернизација се планират и инфраструктурни интервенции на граничните премини: Деве Баир, Ќафасан, Делчево, и изградба на нов Граничен премин Маркова Нога. Во модернизација на своето работење се планира натамошен развој на ИКТ капацитетите- системи на Царинската управа, согласно Стратегијата за развојот на информатичката и комуникациската технологија во Царинската управа во периодот 2021–2025, преку одржување на тековните, нивна надградба и воведување на нови системи за интероперабилност со царинските системи на ЕУ и други држави. Царинската управа во соработка со другите институции кои имаат надлежности во граничната контрола ќе соработува во воведување на заеднички гранични контроли на одредени гранични премини. Голем дел од модерницацијата и грдењето на капацитетите е предвидено да се реализира со тековните проекти од Програмата

[29]ICAOСтандард 9.5 (опфатен во Измена 26 на Анекс 9 од Чикашката конвенција, 23.10.2017, Резолуција 2178 на Советот за безбедност на ОН од 24.09.2014, Резолуција 2309 на Советот за безбедност на ОН од 22.09.2016) , Одлука на Министерскиот совет на OSCEод 09.12.2016)

IPA II и планираните во рамките на IPA III, како и поддршка од други партери со кои соработува Царинската управа.

*Конкретни цели:*

*- Надградба на постоечкиот Систем за контрола на патници и возила (СКПВ);*

*- Воспоставување на Систем за API/PNR;*

*- Поврзување на Системот за контрола на патници и возила со Системот API/PNR;*

*- Развивање на самоодржливи национални капацитети за идентификација и регистрација согласно ЕУ побарувањата*

## 11. КОМПОНЕНТА 9 - КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Контролата на квалитет во граничната полиција при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи и во останатите институции кои имаат надлежности во граничното управување има за цел да обезбедат дека вршењето на граничните работи е во согласност со националното законодавство (кое во делот на граничното работење е во голем степен усогласено со Шенген Законикот и ЕУ стандардите) како и ефективна имплементација на интегрираното гранично управување. Свои механизми за контрола на квалитет имаат сите институции кои се дел од Националниот систем за интегрирано гранично управување. Со механизмот се контролира квалитетот на работните процеси, оправданоста на применетите дејства и овластувања и законитоста во работата.

Припадниците на Министерството за внатрешни работи чиј интегрален дел е и граничната полиција, постапуваат согласно Етички кодекс за однесување[30] со кој се утврдува начинот на однесувањето, постапувањето и работењето на работниците во Министерството за внатрешни работи. Контролата на квалитет во граничното полициско работење ја вршат Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет и Одделот за гранични работи и миграции на централно ниво,и регионалните центри за гранични работи на регионално ниво. Во јакнењето на контролата на квалитет значајна улога има Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди кој и директно се вклучува во одредни случаи. Редовните и вонредни контроли и стручниот надзор се реализираат согласно годишни планови за контрола.

Увид во реалната состојба на граничните премини (време на чекање на влез и излез, брзина на постапување и слично) се врши и преку системот за видео

[30]Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, 19.11.2020

мониторинг на граничните премини кој во наредниот период ќе биде дополнително надграден. Покрај тоа што дава можност за брзо преземање на соодветни мерки и давање на насоки за корегирање на состојбата и отстранување на воочените недостатоци, следењето на функционирањето на премините во реално време ја намалува можноста и за коруптивно однесување и ја зголемува безбедноста на сите присутни на премините – патниците, полициските и цариснки службеници и сите останати лица кои се наоѓаат на граничните премини. Дополнително ќе се направат напори и за поставување на сензори пред самите гранични премини кои во секое време ќе го прикажуваат точниот број на патнички, теретни возила и автобуси. Останатите планираните активности за подобрување на овој систем се подетално презентирани во точка 16 – борба против корупција.

Националниот систем за ИГУ не е предмет на задолжителна Шенген евалуацијаи напроценка на ранливост од страна на FRONTEX – EBCGAкако што е случај со земјите – членки на ЕУ, но граничната полиција со поддршка на FRONTEX – EBCGA и партнерски служби на земји – членки на ЕУ настојува да го имплементира овој концепт во своето функционирање како дел од активностите во насока на целосно исполнување на ЕУ стандардите во областа на граничното работење, што истовремено е и еден од предусловите за придружување во ЕУ и Шенген. Во наредниот период, едни од целите ќе бидат и обучување на национални експерти за вршење на Шенген евалуација и за учество во проценка на ранливост согласно методологијата на FRONTEX–EBCGA.

*Конкретни цели:*

*- Обучување на национални експерти за имплементација на Шенген евалуација;*

*- Јакнење на националните капацитети за учество во проценка на ранливосткоја ја вршиFrontex- EBCGA;*

*- Целосна имплементација на годишните планови за контрола и стручен надзор на организационите единици;*

## 12. КОМПОНЕНТА 10 - МЕХАНИЗИМИ ЗА СОЛИДАРНОСТ

Приоритетите во оваа компонента во најголем дел се однесуваат на развивањето на ефикасен систем за директно и индиректно користење на ЕУ фондовите и инструментите со цел натамошно јакнење и развивање на системот за гранична безбедност согласно ЕУ стандардите, обезбедување на потребното ниво на национална и придонес во обезбедувањето на регионалната, европска гранична безбедност.

Република Северна Македонија во целост го разбира и поддржува концептот на ЕУ во кој солидарноста и поделбата на одговорноста се во основата на ефикасното гранично управување. Поради различностите во поглед на географската положба, во протокот на патници и возила и степенот на

мигрантскиот притисок, европските земји, како ЕУ земјите така и оние кои се уште не се земји – членки на ЕУ, се соочуваат со различен обем на работа и притисок во различни сегменти на граничното работење, па взаемната солидарност и поделбата на одговорностите се еден од најефикасните начини за ефикасно справување со заедничките предизвици и обезбедување на висок степен на регионална, европска гранична безбедност.

Како земја која поради својата географска положба се најде директно на една од главните мигрантски рути кон ЕУ, успешното справување на Република Северна Македонија со предизвиците во голема мера се должеше и на значителната поддршка обезбедена од фондовите на ЕУ, но и на билатерална основа од партнерските земји, а која вклучуваше јакнење на системските, кадровски и технички капацитети за гранична контрола и поддршка во обезбедувањето на јужната граница, преку донација на современа опрема за гранични проверки и граничен надзор, обуки на персоналот и експертска за натамошен развој на надлежните институции. Еден од најдобрите примери е тековната меѓународна заедничка операција која континуирано се имплементира од декември 2015 година, а во чии рамки полициски службеници и техничка опрема од осум европски земји – Чешка Република, Унгарија, Полска, Австрија, Словенија, Словачка, Хрватска и Србија се распоредени најјужната граница како поддршка на националните служби во обезбедувањето на границата од Р. Грција како главна точка на влез во државата за илегалните мигранти од Азија и Африка.

Граничната полиција не е само корисник туку и придонесувач во поглед на солидарноста во граничната безбедност. И покрај големите предизвици предизвикани од мигрантската криза, полициски службеници и современа техничка опрема и возила за видео надзор редовно се испраќаат во земјите од регионот како дел од заеднички меѓународни операции за спречување на илегалната миграција и прекуграничниот криминал, вклучувајќи ги и оние кои имаат за цел спречување на илегалните движења на мигранти од Република Северна Македонија кон север.

Придонесот во регионалната безбедност по принципот на солидарност ќе продолжи и во иднина, преку активно учество во меѓународни заеднички операции, проекти и иницијативи кои имаат за цел зајакнување на регионалната безбедност и поддршка на земјите кои имаат потреба од тоа.

Одржувањето на висок степен на гранична безбедност и имплементирањето на ЕУ стандардите во граничното управување предизвикува сериозни финансиски импликации. Државата нема посебен буџет за гранично управување, надлежните институции вклучени во националниот систем на ИГУ ги финансираат своите активности од сопствените буџети. Во наредниот период еден од приоритетите ќе биде развивањето на капацитети за уште поефикасно користење на Инструментот за претпристапна помош – IPA, користење на ЕУ фондовите и инструментите достапни за трети земји, вклучување во проекти поддржани од ЕУ програмите за истражување и иновација, како и индиректно користење на ЕУ фондовите кои не се директно достапни за Р. Северна Македонија, но предвидуваат средства за

соработка на ЕУ земјите со трети земји (како на пример Фондот за ИГУ – IBMF, предвиден со Повеќегодишната финансиска рамка – MFF 2020-2027).

*Конкретни цели:*

*- Поголема ефикасност во користење на Инструментот за претпристапна помош (IPA);*

*- Учество во проекти поддржани од ЕУ програми за истражување и иновација;*

*- Учество во заеднички меѓународни операции во странство со персонал и техничка опрема.*

## 13. КОМПОНЕНТА 11 (ХОРИЗОНТАЛНА) - ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Во областа на образованието и обуката, цел на Министерството за внатрешни работи е да обезбеди доволен број на полициски службеници соодветно обучени за гранично полициско работење, кои ќе ги вршат задачите ефикасно и во согласност со националното законодавство и ЕУ стандардите во областа на граничното работење. Во таа насока, обезбедувањето на квалитетна основна обука и развивањето на систем за планско и добро структуирано континуирано професионално усовршување на персоналот е еден од приоритетите на граничната полиција и на Министерството за внатрешни работи во целина.

Националниот систем за обука на гранични полициски службеници се состои од три главни сегменти: основна обука, континуирано стручно усовршување и оспособување на стручни профили на експерти во специфични области. Иако не е задолжително за земји кои не се членки на ЕУ, обуката се врши во согласност со стандардите за едукација на FRONTEX – EBCGA. Назначен е Национален координатор за обука (NationalTrainingCoordinator – NTC), кој заедно со национални експерти учествува во активностите на Frontex – EBCGAво областа на образованието и обуката. На национално ниво, усвоена е Заедничката наставна програма за основна обука на гранични полициски службеници на FRONTEX (CommonCoreCurriculumforBorderGuardBasicTraining - CCCBASIC), чиј општ дел и модулот за копнени гранични операции се интегрирани во националната Наставна програма за основна обука развиена од страна на Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи. Центарот за обука врши основна обука на полициски службеници за потребите на Министерството, каде кандидатите се стекнуваат со основни знаења и вештини за полициско работење.

Вториот сегмент – континуирано стручно усовршување на граничните полициски службеници е процес кој го планира и реализира граничната полиција и тоа на три нивоа, каде главни носители се: Единицата за поддршка при Секторот за гранична контрола и поддршка на Одделот за гранични работи и миграции на

централно ниво - задолжена за дизајнирање на самиот процес на начин кој ќе ги исполнува потребите на единиците и индивидуалните потреби на полициските службеници, но истовремено и ЕУ стандардите во граничното работење, развивање на Програма за континуирано стручно усовршување на граничната полиција и за координација со домашни и странски партнери за поддршка на обуките; Инспектори за планирање, обука и превенција и инспектори за професионално стручно усовршување на регионално ниво – задолжени за утврдување на потребите за обука во нивните регионални центри за гранични работи (вклучувајќи ги и полициските станици во нивна надлежност), изготвување на годишни планови за обука врз основа на утврдените потреби и следење на нивната имплементација; и Командири на полициски станици за гранични проверки и граничен надзор на локално ниво – задолжени за следење на работата на полициските службеници, утврдување на нивните индивидуални потреби за обука, обебедување на услови за обука „на работно место“ (on-the-job trainings) и преку систем на менторство, известување за потребите од обуки на полициската станица, а со тоа и учество во креирањето на Плановите за обука на регионално ниво.

Третиот сегмент е продукција на доволен број на сертифицирани национални обучувачи од различни специјалности (откривање на фалсификувани документи, украдени возила, фундаментални права, анализа на ризик, итн.) за потребите на граничната полиција.

Во сите три сегмента постигнат е значителен напредок, во соработка и со голема поддршка на FRONTEX – EBCGA, но и на други меѓународни организации (IOM, OSCE, UNHCR, итн.) и партнерски служби на други земји.

Во наредниот период приоритет ќе биде продолжување на соработката со FRONTEX– EBCGA во областа на едукација и обука како и досега - преку учество во процесот на изготвување и дополнување на наставните програми за обука на основно и напредно ниво (CCCBASIC и CCCMID-LEVEL) и материјали за обука од различни специјалности, учество на наши претставници на обуки организирани од страна на FRONTEX – EBCGA како слушатели (обуки за крајни корисници и обуки за обучувачи) и како предавачи и во активности поврзани со натамошен развој на полето на едукација и обука. Ќе продолжат активностите за јакнење на националниот систем за обука кој ќе има капацитет брзо да ги имплементира ЕУ новитетите на национално ниво, како и создавање на услови за креирање самоодржлив национален систем за продуцирање на сертифицирани инструктори од различни специјалности.

Царинската управа ќе продолжи со активности за подобрување на знаењето и вештините на надворешните корисници преку промовирањена модулите за е - учење, како и користење на можностите кои ги даваат повеќе програми на ЕУ (Customs), Светската царинска организација, програми на повеќе специјализирани меѓународни инсититуции, користење на расположивиот межанизам на ЕУ – Twinning проекти, како и обуки кои ги даваат парнерите на билатерално ниво.

*Конкретни цели:*

*- Континуирана соработка со FRONTEX – EBCGA во областа на едукација и обука;*

*- Имплементација на наставните програми за обука на основно и напредно ниво на FRONTEX – EBCGA (CCCBASIC и CCCMID-LEVEL);*

*- Зголемување на бројот на сертифицирани инструктори од различни специјалности;*

*- Креирање на самоодржлив национален систем за сертифицирани инструктори од различни специјалности;*

## 14. КОМПОНЕНТА 12 (ХОРИЗОНТАЛНА) - ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

Почитувањето и промовирањето на основните човекови слободи иправа е едно од основните начела во работата на сите институцииивклучени во националниот систем на Интегрирано гранично управување. Сите активности во областа на граничното управување се преземаат со целосно почитување на човековите права.

Република Северна Македонија е потписникна Европската Конвенција за човекови права, правно обврзувачки меѓународен документ кој се смета за еден од најефективните меѓународни договори за заштита на човековите права. Исто така, потписник е и на други меѓународни конвенции и протоколи кои директно или индиректно се однесуваат на човековите права и слободи, а кои се имплементирани во националното законодавство. Особено внимание се посветува на постапувањето со малолетници и други ранливи категории на лица како и лица кои имаат потреба од меѓународна заштита, а за таа цел дополнително се развиени соодветни механизми и изработени се стандардни оперативни процедури за постапување и мониторинг.

Промовирањето на фундаменталните права, обврската и потребата од нивно целосно почитување е континуирано. Фундаменталните права сезадолжителна тема во основната обука на полициските службеници, но и во напредните обуки, каде се обработува како посебна обука или како модул во обуки на останати теми. Граничната полиција располага со сертифицирани инструктори во оваа област кои се користат за национални, но и меѓународни обуки, вклучувајќи и обуки во организација на FRONTEX – EBCGA.

Националниот механизам за мониторинг на почитувањето на фундаменталните права во граничното полициско работење е составен од внатрешни и надворешни механизми. Во полицијата за тоа се задолжени непосредните старешини на локално и регионално ниво и Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет при БЈБ, како и Одделот за

внатрешна контрола и професионални стандарди кој не е дел од БЈБ и е подреден директно под МВР.

На национално ниво, како независен орган функционира Канцеларијата на Народниот правобранител, кој е овластен да презема дејствија и мерки заедно со невладини (граѓански) здруженија, има овластувања за најавени и ненајавени посети на сите органи, организации и институции, кои се должни да обезбедат пристап до сите докази, податоци и информации без оглед на степенот на доверливост[31].

Во 2018 година беше комплетирана законската рамка за воведување на ефикасна надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања. За таа цел, беа извршени измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови. Со овој концепт се воспостави посебна единица кај Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола, а истовремено се овозможува Народниот правобранител да поднесува иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност кај полициските службеници Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2018) неговата улога е дополнително зајакната со формирање на „механизам за граѓанска контрола“ како и со можноста да предлага повторно спроведување на определена постапка пред надлежното јавно обвинителство.

Во насока на целосна имплементација на овие закони, Министерот за внатрешни работи во јули 2018 година го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вршење на работите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во наредниот период ќе продолжи праксата фундаменталните права целосно да се почитуваат при сите активности во областа на граничното полициско работење, ќе продолжи промовирањето на фундаменталните права преку континуирана едукација и обука на полициските службеници и на основно и на напредно ниво и ќе бидат преземени мерки за подобрување на транспарентноста и отчетноста во работата.

*Конкретни цели:*

*- Натамошно развивање на соработката со тела на ОН, ЕУ, меѓународни и домашни организации кои имаат надлежности и експертиза од областа на фундаменталните права;*

[31]Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18)

*- Континуирана соработка со Канцеларијата на Народниот правобранител;*

*- Обуки на основно и напредно ниво од областа на фундаменталните права за полициски службеници и раководители на сите нивоа.*

## 15. КОМПОНЕНТА 13 (ХОРИЗОНТАЛНА) - ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

Граничната полиција и Минстерството за внатрешни работи во целина се заинтересирани за учество во проекти за развивање на модерни технологии кои ќе го унапредат граничното работење и ќе придонесат за подобрување на граничната безбедност. Со оглед на ограничените финансиски средства граничната полиција не врши самостојни истражувања, а во областа на истражување и иновации учествуваше преку учество (каконадворешни корисници) во проекти на странски партнерски служби кои беа финансирани од фондовите на ЕУ во рамки на Програмата за истражување и иновации Horizon 2020, следење на најновите достигнувања во оваа област преку учество на настани организирани од FRONTEX – EBCGA и други организации, споделување на искуства од користењето на постоечката техничка опрема со граничните служби на другите држави и со производители на опрема која се користи во граничното работење.

Во наредниот период приоритет ќе биде поактивно директно учество како крајни корисници или надворешни крајни корисницово проекти финансирани во рамки на Програмите на ЕУ за истражување и иновации, натамошно учество во меѓународни настани на кои се презентираат нови технологии применливи во граничното работење и искуства од нивното користење, учество во пилот проекти во организација на FRONTEX, INTERPOL, и други релевантни организации и соработка со индустриски субјекти кои работат во областа на технологии за гранична контрола.

*Конкретни цели:*

*- Учество во проекти финансирани од фондовите на ЕУ во рамки на Програмата за истражување и иновации;*

*- Следење на новитетите во областа на развивање технологии за гранична контрола и учество во пилот проекти.*

## 16. КОМПОНЕНТА 14 (ХОРИЗОНТАЛНА) - БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Борбата против корупцијата во сите нејзини форми (активно и пасивно подмитување, изнуда, злоупотреба на дискреционото право, итн.) е еден од националните приоритети, а со тоа и приоритет на сите државни институции кои имаат надлежности во ИГУ.

Во Министерството за внатрешни работи чиј интегрален дел е и граничната полиција при Бирото за јавна безбедност корупцијата е препознаена како „особено комплексен социјален, безбедносен, криминолошки, политички и економски феномен кој што произведува закана за функционирањето на демократијата, правната држава и владеењето на правото“[32] и борбата против овој феномен е еден од врвните приоритети. Во таа насока една од стратешките цели на Бирото за јавна безбедност беше „понатамошен развој на демократските принципи на полициско работење за подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права“ каде се предвидени поголем број на конкретни цели, вклучувајќи го и „зголемувањето на капацитетите во борбата против корупцијата во согласност со барањата на ЕУ преку развој на конкретна политика“.[33]

Граничната полиција како интегрален дел од Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи активно учествува во планирањето, изготвувањето и имплементацијата на стратешките документи кои се однесуваат на интегритетот на полициските службеници и на борбата против корупцијата во целина. Со оглед на специфичностите на граничното работење, особено на граничните премини и директните контакти со голем број на странски државјани, високата професионалност на граничните полициски службеници при извршувањето на задачите од овластувањата е од особена важност не само за овозможување на поефикасен легален проток на стоки и патници и спречување на прекуграничниот криминал, туку има големо влијание и на угледот на полицијата и на меѓународниот углед на државата.

Нашите искуства, но и искуствата на полициските служби на другите држави укажуваат на тоа дека работните места во сообраќајната полиција, граничната полиција како и управните служби во Министерствата поради специфичната проблематика која ја покриваат се издвојуваат како работни места подложни на корупција[34] и дека граничните премини се ризични од аспект на можности за коруптивно делување.

Во ноември 2020 година од страна на Министерот за внатрешни работи е донесен нов Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи .

Во наредниот период ќе се продолжи со различни активности во насока на сузбивање на корупцијата: превентивни (преку подигање на свесноста и кај граѓаните и кај полициските службеници), преку намалување на можностите за коруптивно делување (преку носење на закони, интерни процедури и употреба на технологии кои ќе ги намалат дискреционите права и можностите за злоупотреба од страна на полициските службеници) и преку ефикасно откривање и брзо

---

[32]Антикорупциска Програма на МВР за 2020 година

[33]Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020 и Акциски План за имплементациа

[34]Антикорупциска Програма на МВР за 2018 година

санкционирање на случаите на корупција во редовите на граничната полиција и генерално во Министерството за внатрешни работи.

Во таа насока ќе се реализира и проектот за воспоставување интегриран аудио – видео систем на граничните премини, во кој мобилни („body”) камери на полициските службеници на граничните премини и фиксни камери во кабините за пасошка контрола ќе бидат интегрирани со веќе постоечките фиксни периметарски камери кои го покриваат подрачјето на граничните премини, со што ќе се овозможи подобар увид во случувањата на граничните премини во реално време, и утврдување на степенот на основаност на преземените дејства од страна на полициските службеници.

Овие активности, во комбинација со поефикасно споделување на информации за состојбата на граничните премини преку НКЦГУ (протокот на патници и стоки, моментална состојба, воочени недостатоци преку видео надзорот)дополнително ќе ја подобрат ефикасноста на граничните премини, ќе овозможат брзо отстранување на воочените недостатоци но истовремено и значително ќе придонесат за намалување на коруптивните активности.

Активностите ќе се планираат и реализираат во рамки на Годишни антикорупциски програми на МВР, изработени согласно Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020-2024 на Државната комисија за спречување на корупцијата[35].

*Конкретни цели:*

*- Воспоставување на интегриран аудио- видео систем на граничните премини и во Мобилната единица за компензаторни мерки;*

*- Имплементација на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025;*

*- Имплементација на Годишните антикорупцисики програми на МВР*

[35]Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), ДКСК е надлежна да донесе петгодишна Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување